


# КАПИТУЛАЦИЈА, КОНФУЗИЈА ИЛИ ОТПОР: СОЦИЈАЛНИОТ КАПИТАЛ НА МАКЕДОНСКИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ

АНАЛИЗА ОД АНКЕТАТА НА ЈАВНО МИСЛЕЊЕ НА 3607 СРЕДНОШКОЛЦИ ОД 13 ГРАДОВИ

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ
YOUTH EDUCATIONAL FORUM

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ
YOUTH EDUCATIONAL FORUM

# КАПИТУЛАЦИЈА, КОНФУЗИЈА ИЛИ ОТПОР: СОЦИЈАЛНИОТ КАПИТАЛ НА МАКЕДОНСКИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ

АНАЛИЗА ОД АНКЕТАТА НА ЈАВНО МИСЛЕЊЕ НА 3607 СРЕДНОШКОЛЦИ ОД 13 ГРАДОВИ

**Издавач:**
Здружение на граѓани „Младински образовен форум“
Бул. „Водњанска“ 35/1, 1000 Скопје
Тел.: + 389 2 31 39 692
www.mof.org.mk
info@mof.org.mk

**За издавачот:**
Марјан Забрчанец, извршен директор

**Автори:**
Јана Коруновска Србијанко
Неда Коруновска Аврамовска
Тања Малеска

**Уредници:**
Сандра Анастасовска
Мартин Галевски

**Лектор:**
Ана – Марија Бранѓолица
Силвија Митреска

**Тираж:**
1000 примероци

**Поддржано од:**

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА



# Содржина:

Младински образовен форум ........ 7
Реактор ........ 7
Предговор ........ 8
За локалната младинска иницијатива ........ 9

## Прв дел:

**Цели на истражувањето** ........ 13
**Ставовите на македонските средношколци: Конфузија** ........ 14
**Младинската политика во Република Македонија: Капитулација** ........ 15
Дали училишните клупи создаваат граѓани или марионети? ........ 18
**Образованието за граѓански активизам: Отпор** ........ 19
Дали вонучилишните активности се промотери на граѓанско учество или само сертификат за македонските средношколци? ........ 20
Недовербата во институциите, властите и функционерите создава мрзлива младина ........ 21
**Препораки** ........ 21

## Втор дел:

**Студија: Социјалниот капитал на македонските средношколци** ........ 27
Апстракт ........ 27
**Вовед** ........ 27
**Методологија** ........ 32
Инструмент ........ 32
Учесници и процедура ........ 33
**Резултати** ........ 34
Дескриптивна анализа на варијаблите ........ 34
Корелативна анализа ........ 35
**Дескриптивна анализа на резултатите од анкетата** ........ 36
**Литература** ........ 62

# Младински образовен форум

Здружението „Младински образовен форум“ [МОФ] е младинска невладина организација формирана во 1999 година, која работи во полето на образованието и човековите права. Активностите на организацијата се реализираат во рамките на три програми: Неформално образование, Истражување и креирање младински и образовни политики и Младински активизам. Програмите на МОФ се насочени кон промовирање критичко мислење, поттикнување толеранција и почит кон туѓите идеи и ставови, промовирање на правото и демократијата и развој на квалитетно и транспарентно образование. Преку предавања, обуки, дискусии, кампањи, публикации и други методи, членовите на МОФ придонесуваат во етаблирање на демократските вредности и младинско учество во градењето отворено општество и интеграција на Македонија кон Европската унија.

# Реактор

Реактор е непрофитна истражувачка организација [think-tank] основана од потребата за обезбедување независни, точни, навремени и самостојни податоци за состојбите во Република Македонија. Таа е формирана во 2005 година со мисија да придонесува во процесот на креирање, набљудување и евалвација на политики на локално и на централно ниво. Во таа насока, нашиот мултидисциплинарен тим на истражувачи и аналитичари е посветен на обезбедување релевантни стратегиски анализи; подигнување на свеста за значењето на одредени тематски области и поттикнување процеси за креирање политики за нивно уредување и унапредување; и поддршка на процесот на европска интеграција на Република Македонија.

# Предговор

Младите се постојан, неопходен и прогресивен сегмент на секое општество. Нивната улога, освен во општественото живеење, е особено важна и корисна во процесот на креирање на јавните политики. Меѓутоа, досега младите во Македонија не се доволно вклучени во овие процеси. Оваа публикација е обид да се унапредат ваквите состојби, а настана како резултат од соработката на Младински образовен форум со Реактор – истражување во акција во рамки на проектот: „Младите за отворено општество - локални младински иницијативи“.

Младински образовен форум веќе две децении се занимава со унапредување на состојбата на младите во Македонија, особено преку нудење неформално образование на средношколците. Од друга страна, Реактор е истражувачка организација каде токму младите се еден од стратешките фокуси на нејзино дејствување. Поаѓајќи од потребата детално да се истражи состојбата на вклученост и граѓанското учество на средношколците во општествените текови во Македонија, беше дизајнирана студија во која учествуваше репрезентативен примерок од 3607 средношколци од 13 градови од Републиката. Резултатите од оваа студија се презентирани во оваа публикација, во два дела:

Во првиот дел, направивме обид да ги презентираме клучните резултати од студијата. Во него се презентирани целите на истражувањето и се сумирани суштинските ставови на средношколците. Дополнително, во контекст на студијата, е направена анализа на младинската политика во Македонија, од аспект на улогата на македонскиот формален и неформален образовен систем врз граѓанскиот активизам. На крај, овој дел ги содржи и нашите препораки, првенствено наменети за институциите и за организациите кои ја креираат младинската политика или се занимаваат со младински активизам, граѓанско учество и волонтеризам.

Вториот дел ја содржи научната студија. Овој дел е наменет за сите оние кои научно се занимаваат и ја истражуваат состојбата на младите. На ваков начин сакавме да придонесеме и кон збогатување на сиромашната научна литература на оваа тема во Македонија. Истовремено, сите оние кои се заинтересирани дополнително да ги анализираат податоците, да ги разгледаат целокупните резултати од студијата или да ги искористат податоците и резултатите за понатамошни истражувања и анализи тоа ќе можат да го сторат тука.

За крај, се надеваме дека оваа публикација ќе помогне – или испровоцира – темата на младите почесто да се етаблира во научниот и во политичкиот дискурс, ставовите на младите да бидат слушнати и сериозно земени предвид од страна на институциите, а препораките кои произлегоа од емпириското истражување да бидат разгледани и присвоени од страна на сите чинители, локални и национални власти, невладини организации и образовни институции.



# Локална младинска иницијатива

Поаѓајќи од потребата младите да се вклучат како активни учесници во изградба на демократско, граѓанско и отворено општество, проектот: „Младите за отворено општество - локални младински иницијативи“ за основна цел има да ги поттикне младите да преземат иницијативи и активно да учествуваат во општествените случувања на локално и на национално ниво. Проектот е одговор на нужноста од внатрешна интеграција на младите во Република Македонија и намалување на јазот помеѓу нив и отвореното општество, а е инициран и финансиран од Фондацијата Институт отворено општество – Македонија [ФИООМ]. Во креирањето на проектниот концепт, партнерски беше вклучен Младински образовен форум [МОФ], кој е одговорен за имплементација на проектот. Проектот започна во 2008 година и се реализира преку соработка со 14 центри во 14 градови во Република Македонија: 12 центри за поддршка на локални средини[1], Младински културен центар – Битола и центарот МОФ во Тетово.

Во текот на последните три години, проектот континуирано обезбедува промоција на неформално образование, критичко размислување, дебата, јавно говорење, заштита на младински права и реализација на младински акции и настани. Во рамките на младинските клубови, од страна на средношколците два пати годишно се имплементираат проекти од локално значење и истите служат како алатка за реална примена на добиените знаења од клубот. Проектите имаат за цел лоцирање на локалните младински проблеми, иницирање релевантни прашања од општествен карактер, и нивно решавање преку акции, јавни настани и улични перформанси.

Повеќе од 1000 млади од 14 градови, го искусија младинскиот активизам, иницираа и застапуваа решавање на повеќе од 50 младински проблеми преку креирање јавни настани. Здружувањето на знаење и искуства на младите и нивниот јасен младински став, несомнено, создаваат нова слика за младината во Република Македонија. Слика која значи прогрес, критика и влијание наспроти апатичност, пасивност и незаинтересираност. Оваа мрежа претставува систем на канализирање на младинските ставови на национално ниво кој се користи за позиционирање на младите како активни актери при решавање општествени проблеми.

**1** Регионален центар за застапување – Делчево; Регионален центар за одржлив развој – Кратово; Центар за одржлив развој на заедницата – Дебар; Центар за одржлив развој „Порта“ – Струмица; Регионален центар за одржлив развој – Гевгелија; Центар за поддршка на заедницата – Ресен; Центар за локален развој „Антигонеа“ – Неготино; Здружение за развој и активизам „Аква“ – Струга; Фондација за развој на локалната заедница – Штип; Центар за развој на заедницата – Кичево; Фондација за локален развој и демократија „Фокус“ – Велес.

ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

СТАВОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ: КОНФУЗИЈА

МЛАДИНСКАТА ПОЛИТИКА ВО МАКЕДОНИЈА: КАПИТУЛАЦИЈА

ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ: ОТПОР

# ПРЕПОРАКИ

# Цели на истражувањето

Водени од меѓународниот, научен и политички дискурс на тема граѓанско учество, социјална вклученост и улогата на образованието во нивно промовирање; како и од директните искуства на активистите на Младинскиот образовен форум со младите во Македонија, оваа студија има за цел да ги испита ставовите на македонските средношколци и да ја разјасни нивната позиција на овие клучни теми. Самите ставови во научната литература се цитирани како најважен предиктор за граѓанско учество во сите негови форми. Така оваа студија ги испитува ставовите на средношколците на темите: Граѓанска партиципација и активизам, Волонтерство, и таканареченото Конвенционално граѓанство, односно Гласањето на избори. Студијата ги испитува и ставовите кон образовниот систем, довербата во институциите, како и демографските карактеристики на средношколците, варијабли кои во литературата се јавуваат како клучни детерминанти на граѓанското учество и социјалната вклученост. Сето ова има за цел да даде јасна слика за моменталната состојба на граѓанското учество и социјалната интеграција на македонските средношколци, како и да ги потенцира местата каде би била соодветна евентуална интервенција.

Втора цел на оваа студија е да ги анализира резултатите во контекст на јавните политики во Република Македонија, особено од два аспекта, и тоа: вклученост на самите млади луѓе во процесот на креирање јавни политики, и вклученост на младите и нивните приоритети во главните општествени текови. Имено, во Република Македонија прашањето за младите не се адресира системски и сеопфатно, постоечката законска регулатива во многу мала мера го третира прашањето за положбата и улогата на младите во Македонија, а ниту, пак, постои законодавство кое го регулира статусот на младите или посебните форми на младинското здружување или дејствување[1].

Последната цел на оваа студија е да ги спореди одговорите и ставовите на македонските средношколци со одговорите на членовите на младинските клубови, кои се дел од проектот: „Младите за отворено општество - локални младински иницијативи“ (во понатамошниот текст ЛМИ). Младински образовен форум преку реализирање на своите активности, како и со спроведување на активностите од проектот ЛМИ со години нуди можности за неформално образование и работи на решавање на проблемите во локалните заедници. Неформалното образование е препознато и во Белата книга на Европската комисија - *Нов поттик за европската младина*[2]. Во неа се истакнува потребата за поттикнување на неформалното образование како облик на општествена партиципација кој излегува во пресрет на очекувањата на младите луѓе поради неговата флексибилност, можностите за учество, самоорганизирачката природа и поблиската врска со аспирациите и интересите на младите луѓе. Средношколците вклучени во ЛМИ немаат можност само да членуваат во клубовите како организирана вонучилишна активност, туку и директно да се вклучат во граѓански активизам[3]. Во овој контекст, студијата пробува да утврди дали овие средношколци систематски се

**1** Компаративна анализа на домашната и на европската легислатива која го регулира статусот на младите, Коалиција СЕГА, стр. 3-17.
**2** European Commission White Paper "A New Impetus for European Youth", COM (2001) 681 final, Brussels, 2001 (http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/site/en/com/2001/com2001_0681en01.pdf)
**3** Повеќе за МОФ и за проектот ЛМИ можете да најдете на: www.mof.org.mk.

разликуваат од своите врсници по одредени социо-демографски параметри и ставови кон општеството, со цел да се разјаснат евентуалните пречки и да се осветлат локациите на можно дејствување. Резултатите од истражувањето се охрабрувачки.

# Ставовите на македонските средношколци: Конфузија

Клучните наоди од истражувањето на ставовите на македонските средношколци покажуваат дека тие се незаинтересирани, недоверливи и цинични кон институциите на државата, како и нивна голема исклученост од дневно-политичките настани. Единствени институции во кои веруваат средношколците се образовните. Се чини дека средношколците живеат под „стаклено ѕвоно“, тргнати од проблемите околу нив, меѓутоа без тоа многу да ги загрижува. Тие развиваат циничен став кон проблемите и можностите за нивно решавање и покажуваат висока доза на општествена неодговорност. Што се однесува до различните подгрупи, позитивно е што момчињата и девојчињата ретко се разликуваат во своите одговори, меѓутоа, различните етнички групи често имаат различни ставови. Местото на живеење, исто така, често игра улога во ставовите на средношколците. Суштинските заклучоци од студијата по однос на ставовите на средношколците во Македонија се следни:

**Средношколците во Македонија се скептични дека на каков било начин можат да помогнат за да се решат локалните проблеми.** Така, повеќе од две третини од средношколците сметаат дека ништо, односно малку можат лично да променат за да се решат проблемите во нивниот град. Дополнително, не веруваат ни дека можат да влијаат врз тоа како работат властите, а со тоа индиректно да влијаат на решавање на проблемите. Можеби тоа е и една од причините зошто мнозинството средношколци никогаш во својот живот не се ангажирале да решат одреден проблем во сопствениот град. Сепак, средношколците се поделени околу ставот дали подобрувањето на општеството е нивна работа.

**Средношколците не им веруваат на локалните власти, а уште помалку на локалните функционери.** Повеќе од две третини од средношколците не веруваат дека локалните функционери се грижат за младите и за нивните потреби. Можеби затоа средношколците се поделени околу прашањето колку е важно гласањето. Дополнително, дури една третина средношколци сметаат дека не се засегнати од одлуките на властите.

**Слабата економија и недостатокот од работни места се најголем проблем за младите,** така се изјаснил секој петти средношколец (19.8%). По нив следуваат алкохолизмот и наркоманијата со 17.9% и насилството и криминалот со 16.7%. Нешто понезначајни проблеми за средношколците се чистотата и животната средина (12.9%) и инфраструктурата на градовите во кои живеат (8.6%).

**Две третини од средношколците немаат предмети во училиште во кои се бара да ги следат актуелните политички настани.** Така, речиси половина (46.3%) никогаш во рамките на училиштето не одржале презентација, ниту учествувале во дебата, посетиле јавна институција или напишале писмо до институција. Средношколците, сепак, дискутираат за проблемите, но, почесто дома, со родителите.

Загрижувачки, речиси една третина од средношколците сметаат дека е попаметно да молчат кога не се согласуваат со професорите. **Сепак, охрабрувачки 65.8% средношколци претпочитаат да си го кажат своето мислење.**

**Средношколците реално не учествуваат во ученичкото управување**. Дури 70% од средношколците не знаат дали имаат ученичко управување во нивното училиште, а 81.3% никогаш не учествувале во избор на средношколската унија. Дополнително, средношколците се поделени околу тоа колку можат да влијаат врз начинот на којшто е управувано училиштето. Сепак, училиштето е многу важно за средношколците (76%).

**Секој четврти средношколец е самодеклариран, социјално исклучен млад човек.** Дури една четвртина (24.5%) сметаат дека за нив нема никакви или има многу малку услови во местото каде што живеат.

**Државниот и бизнис-секторот се најпривлечни за работа за средношколците** - дури три од четири средношколци ги бираат овие сектори. 6.7% не би работеле доколку би имале услови за тоа. Од оние што бираат дека не би работеле, двојно почесто се средношколците од село, отколку оние од град (11.1% спрема 5.2%).

**Финално, речиси половина (45.5%) од средношколците не се гледаат во Македонија за 10 години.** Дополнителни 15.9% се гледаат некаде во државата, но не во местото во коешто живеат. 38.3% од средношколците за десет години се гледаат себеси во градот во којшто живеат, сите останати за себе предвидуваат (или посакуваат) внатрешна или надворешна миграција. Од градовите, Струмица, Дебар и Скопје се градови во кои средношколците најмногу би останале. Најнеподнослив е животот во Делчево, Велес и во Штип. Интересно е и дека учениците од село почесто се гледаат во местото во коешто живеат од нивните соученици кои живеат во град.

Сè на сè, резултатите покажуваат дека македонските средношколци се исклучени и, претежно, незаинтересирани за граѓанското учество и за подобрување на сопствената држава. Тие веруваат дека попрво ќе ја напуштат Македонија, отколку што ќе можат нешто да променат.

# Младинската политика во Република Македонија: Капитулација

Првиот стратешки обид да се придонесе кон унапредување на состојбите со младите, Република Македонија го направи дури во 2005 година, кога ја усвои Националната стратегија за млади (2005-2015). Овој национален документ ги дефинираше стратешките определби кои државата треба да ги реализира заедно со младите во следниве области:

образование, младинско самовработување, квалитет на живеење, осамостојување на младите – домување, здравство и превенција, партиципација на младите, младинско информирање, култура и локална младинска работа. Во овој контекст, како една од целите на стратегијата беше утврдена „Интеграцијата на младите во центарот на политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот на Република Македонија и нивно признавање како витален елемент за иднината на општеството“. Прифаќајки дека учеството на младите е на незавидно ниво, стратегијата утврди специфични цели, и тоа: 1) поттикнување на младите активно да се вклучат во општеството; 2) отстранување на сите пречки (админстративни, законски пречки, јаз на генерациите, недоверба и сл.) за активна партиципација на младите во јавниот живот на земјата; 3) воспоставување канали за партиципација на младите луѓе и за изразување и усвојување на нивното мислење во административните органи на државата и локалната самоуправа; 4) промоција на правото на младите да се здружуваат; и 5) учество на младите во работата на државните органи и тела[4].

Иако прецизна и изработена според компаративна анализа на странските позитивни искуства, сепак, Стратегијата не го доби потребниот третман од државата и од институцијата која беше назначена да го води процесот на нејзина имплементација - Агенцијата за млади и спорт. Таа ја има надлежноста за промовирање на интересите на младите и за залагање за решавање на нивните проблеми и потреби. Меѓутоа, ако се направи анализа на трошењето на нивниот буџет (програма за развој на спорт и млади), ќе се заклучи дека сите средства се наменуваат за спорт (т.е. за изградба на спортски сали, фудбалски и тениски игралишта), а речиси ништо не се издвојува за развој на младинска политика или потикнување активности за подобрување на положбата на младите во Македонија. Досега, Националната стратегија за млади не ги даде очекуваните резултати, пред сè поради недостаток на политичка волја за нејзина имплементација[5].

Затоа, не изненадува фактот што политичката активност на младите во Република Македонија не е задоволителна. Младите не се заинтересирани да излезат на гласање, ниту да се обратат до јавните функционери[6] заради решавање некој проблем. Во 2010 година, Владата повторно се заложи за решавање на овој проблем и во рамките на своето претседателство со Советот на Европа овозможи усвојување регионална Декларација за младите и нивното учество во донесувањето одлуки[7]. Се поставуваат прашањата: „Дали младите служат само да ги красат документите кои се усвојуваат со цел Владата да ги задоволи барањата на меѓународната заедница и дали тие се само ставени на приоритетната листа на секоја политичка партија во секоја предизборна кампања, за потоа да бидат заборавени и од институциите и од властите?“

Од друга страна, ниту волонтерството не е на завидно ниво. Така, во јавноста постои генерален недостаток на свест за користа од волонтерството, кој доведува до недостаток на вреднувањето на волонтирањето и негово признавање како релевантно искуство, на пример, при вработувањето[8]. Сепак, Република Македонија барем декларативно, го прифати ставот на ЕУ и ООН дека волонтерството е вредност која придонесува кон промени во општеството и дека од таа причина треба да се изгради опкружување

**4** Национална стратегија за млади, стр. 17 (http://www.ams.gov.mk/index2.html).
**5** На пример, за прв пат акционен план за спроведување на Стратегијата беше донесен во 2009 година.
**6** Само 12% од вкупната популација се обраќа до политичар за промени (УНДП Human Development Report 2009). Иако нема официјални податоци за излезноста на гласање на младите, сепак, општа е констатацијата дека младите не се заинтересирани за гласање (разговор на „Реактор“ со МОСТ).
**7** Донесена во септември 2010, т.н. Ohrid Process Declaration: Youth & Decision-Making: Towards Greater Inclusion and Ownership.
**8** Стратегија за промовирање и развој на волонтерството (2010-2015), МТСП, септември 2010.



за волонтерите во кое нивната работа ќе биде препозната и окарактеризирана како неопходна за развој на општеството. Од овие причини, во 2007 година, беше усвоен Закон за волонтерство[9].

Дополнително, Владата имаше големи очекувања од образованието и вклученоста на младите како основа за економски развој определувајќи дека квалитетното образование е основен двигател на општеството[10]. Меѓутоа, ни „корениите реформи“ не ги дадоа планираните резултати, па Европската комисија во својот последен извештај, во 2010 година, забележува дека постои ограничен напредок во областа на образование, обука и млади. Средствата за спроведување на Стратегијата се несоодветни и таа понатаму, главно, останува далеку под просекот на Европската унија[11]. Како резултат на тоа, сè уште постојат застарени наставни програми на сите образовни нивоа (основно, средно, високо и постдипломско). Постоечкиот систем на формално образование во Македонија не го поттикнува развојот на претприемнички знаења и вештини кои се бараат на пазарот на трудот и не ги подготвува младите за самовработување[12]. Практично, реформите сè уште немаат видлив ефект[13]. Соочена со овие предизвици, оваа студија се обидува да даде одговор на тоа дали *моќта која ја има македонското образование*[14] може да биде катализатор на промени и подобра иднина?

Исто така, во последните децении младите во Македонија континуирано се соочуваат со структурниот проблем на невработеност. Република Македонија е меѓу лидерите во Европа со стапка на невработени млади од 57.7%, број кој во некои општини достигнува и до 80%. Дополнително, ако се земе предвид дека многу светски научници веќе ги докажаа „непоправливите“ негативни ефекти кои долготрајната невработеност ги има врз младите (Shon et al., 2001, Basic et al., 2009; Koller-Trbović et al., 2008; Pavis et al., 2001), поразителен е фактот што на младите мажи им требаат 7 години, а на жените цели 9 години успешно да преминат од завршено образование до пазарот на труд[15].

Од друга страна, недовербата во институциите уште повеќе ја поткопува можноста за учество на младите преку институционалните структури. Споредено со минатото, младите денес сè помалку се посветени на традиционалните структури за политичка и социјална акција (на пример: политички партии, комори, младински организации) и имаат ниско ниво на учество во консултациите со демократските институции[16]. Кај младинските организации, исто така, се чувствува потреба за редефинирање и реструктуирање[17].

Ова, сепак, не значи дека младите не се заинтересирани за јавниот живот. Постојат јасни знаци дека младите сакаат да учествуваат и да влијаат врз одлуките кои се носат од страна на заедницата на која ѝ припаѓаат, меѓутоа тие тоа денес го прават

**9** Објавен во Службен весник бр. 57/2007 и Закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерство, објавен во Службен весник бр. 161/2008
**10** Програма за работа на Владата на Република Македонија, 2006-2010, стр. 28.
**11** Страница 58, на македонски јазик http://www.sep.gov.mk/content/Dokumenti/MK/mk_rapport_2010_mk.pdf
**12** Национален развоен план, стр. 39
**13** 20% од младите мислат дека реформите се избрзани и без никаков ефект, за 29% имаат минимален ефект, а за 31% ефектот сè уште не е видлив. Само 5% сметаат дека реформите даваат одличен ефект. Анализа на младинските трендови во Македонија, Коалиција на младински организации „СЕГА“, стр. 13.
**14** „Моќта е во образованието“ е владина кампања започната во 2009 година со цел младите да се поттикнат да се запишуваат и да останат во образовен процес/систем.
**15** Република Македонија: Профил на пазарот на трудот 2004 -2007, Светска банка, 2008.
**16** Истражувањето на општествената одговорност (2009), МЦМС, утврдува големи јазови меѓу ставовите за одговорноста и реалното учество во политички непартиски активности (62,8 % и 25,3 %), вклученоста во граѓанските организации (59,6 % и 26,1 %), вклученоста во волонтерска активност во заедницата (57,1 % и 27,4%). Слично на ниво на ЕУ, Евробарометарот (55.1) за млади од 2001, индицира недоверба на младите во организациите, каде еден од двајца млади луѓе одговориле дека не припаѓаат на каква било група.
**17** Во 1991 година, беше формиран Младински совет на Македонија како правен наследник на Републичката конфедерација на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија. Сепак, тој не успеа да се наметне како клучна младинска организација, и иако формално постои, по 1998 не е финансиски поддржан од буџетот. Денес постојат неколку мрежи на организации, меѓу која и коалицијата „СЕГА“ (www.sega.org.mk).

повеќе индивидуално, спонтано, повремено и надвор од старите партиципативни структури и механизми[18]. Затоа, многу е важно властите да работат на надминување на разликите меѓу младите и нивниот денешен начин на комуницирање и застарените традиционални структури на партиципирање и комуницирање.

## Дали училишните клупи создаваат граѓани или марионети?

Во оваа насока, промените во политиката првенствено треба да почнат од образованието кое им се нуди на средношколците. Нашата студија ја потврди незаменливата улога која образовниот систем може да ја има врз социјалниот капитал на македонската младина, со оглед на тоа дека бројот на училишни активности во кои учествуваат средношколците, а кои ги обучуваат со граѓански вештини беше најголем предиктор (корелат) на граѓанско учество. Колку почесто средношколците биле во допир со граѓански вештини на училиште, толку е поверојатно тие да биле вклучени во своите заедници. Покрај активизмот, поддршката од образовниот систем беше и најголем предиктор за волонтерството, иако со малку помало влијание. Ако се земе предвид фактот дека и бројките на граѓанско учество (во просек никогаш) и бројките на исполнети активности на училиште (во просек помалку од една од четири понудени) беа исклучително мали меѓу средношколците во Македонија, овој податок мора да биде појдовна точка во обидот на решавање на апатичноста и незаинтересираноста на македонската младина. И покрај големата недоверба која ја изразија кон институциите на државата и кон општеството генерално, сепак, оние ученици кои биле обучени за граѓанско учество истото е поверојатно и да го практикувале. Следствено, од непроценлива вредност е обуката што активните млади луѓе ја добиле во рамките на своите училишта.

Дополнително, бројот на сработени активности на училиште има позитивна врска и со ставовите на младите кон граѓанското учество, кои повторно имаа позитивна врска врз однесувањето на учениците, односно со конкретното „учество". Имено, оние ученици кои сметаат дека гласањето е важно и кои можат да се замислат себеси како волонтери е поверојатно да учествуваат во активности кои решаваат одредени проблеми во заедницата. Без разлика што со корелативна анализа не може да се заклучи дали овие ставови се градат на училиште или младите кои имаат вакви ставови е поверојатно да изберат такви часови и активности, сепак, станува јасна непроценливата важност на образовните програми од кои потенцијално би профитирале и учениците и заедниците.

Во овој контекст, нашето истражување покажа дека средните училишта кои ги посетуваат учениците не нудат соодветно образование кое произведува одговорни и активни граѓани. Имено, во делот од Прашалникот каде од учениците се бараше да посочат која од понудените четири активности ја направиле во училиште[19], во просек учениците наведоа дека учествувале во помалку од една. Во контекст на развојот на човечки ресурси, Националниот развоен план на Република Македонија за 2007-2010 забележува дека образовните програми и понатаму се одобруваат на национално ниво, тие се неповрзани и затворени и се насочени кон содржината, а не кон целите или

18 European Commission White Paper "A New Impetus for European Youth", COM (2001) 681 final, Brussels, 2001

19 Тие беа: напишано писмо до непознато лице/институција; одржано говор или усна презентација; учествувано во дебата/дискусија; посетено државна/општинска институција. За целосни податоци од истражувањето види на стр. Ху.



проблемите, со што недоволно одговараат на потребите на економскиот, социјалниот и индивидуалниот развој (исто и од гледна точка на културата, креативноста, заштита на животната средина и здравјето). Во овој правец има уште многу работи кои треба да се направат[20]. Една од целите на образовниот систем, секако, е да се „произведат" активни граѓани кои ја разбираат својата улога во едно демократско општество (Stern, 2009). Резултатите од ова истражување, меѓу другото, ги потврдуваат заклучоците изнесени во Националниот развоен план, кои укажуваат на тоа дека средните училишта несоодветно одговараат на потребите на социјалниот и на индивидуалниот развој на македонската младина. Оттука следува дека сè додека средношколците покажуваат знаци на апатија и незаинтересираност за општествените случувања и за нивната улога во унапредување на општеството, училиштата во Република Македонија не можат да ја оправдаат законски утврдената задолжителност. Со други зборови, ако една од целите на образовниот систем е да ги поттикнува социјалниот и индивидуалниот развој на младиот човек, не е доволно средното училиште да биде само законски регулирана обврска, туку самите средни училишта мора да се обврзат задолжително да произведуваат активни, општествено одговорни граѓани.

## Образованието за граѓански активизам: Отпор

Студијата потврди дека постојат значајни разлики меѓу средношколците кои не посетуваат неформално образование и оние кои дополнително се образуваат за граѓански активизам. Членовите на ЛМИ-клубовите и останатите средношколци освен што очекувано се разликуваат по просекот на волонтирање и граѓанско учество (во двата случаја со голем ефект на разлика), тие се разликуваат и во одговорите на 18 прашања на прашалникот (детаљна анализа на разликите се наоѓа во вториот дел од оваа публикација). Имено, тие имаат повисоки резултати од останатите средношколци и на двата става за граѓанска одговорност, односно во однос на останатите средношколци ценат дека и гласањето е поважно и имаат поналклонет став кон волонтерството. Исто така, тие во просек учествуваат на 1.7 повеќе вонучилишни активности од останатите средношколци, а имаат и поголема поддршка од своите училишта. Членовите на ЛМИ-клубовите 2,72 пати повеќе учествувале во училишни активности кои го поткрепуваат граѓанското учество. Дали членовите на ЛМИ-клубовите почесто доаѓаат од училишта кои овозможуваат вакви активности или, пак, почесто ги користат условите што им ги даваат училиштата, не може да се заклучи од податоците на нашето истражување. Сепак, позитивното влијание на вонучилишните активности и, повторно, на наставната програма во корист на граѓанско учество е повеќе од јасно.

Што се однесува до довербата, членовите на ЛМИ-клубовите во просек имаат повисока доверба во невладините и во меѓународните организации од останатите испитаници. Интересно е дека довербата на членовите на ЛМИ во владините институции е исто толку ниска колку и на останатите средношколци, во некои случаи дури и пониска. Иако во просек овие средношколци се поактивни од своите соученици во своите заедници, тие во иста мера не веруваат дека можат нешто да променат или да влијаат врз тоа како работат властите. За разлика од останатите ученици, членовите на ЛМИ-клубовите,

20 Република Македонија: Национален развоен план, стр. 39

исто така, почесто сметаат дека подобрувањето на општеството е нивна лична обврска.

Сето ова покажува дека членовите на ЛМИ-клубовите се поодговорни и во просек подоверливи, меѓутоа нивната недоверба кон владините институции и, пред сè, нивниот нетипично изграден цинизам кон можностите нешто да променат треба да се сфати како предупредување особено ако се земе предвид дека тие не се разликуваа од останатите среношколци по претпоставката, односно желбата да ја напуштат државата. Слободно можеме да заклучиме дека доколку се остварат нивните желби, Македонија би изгубила бесценет социјален капитал.

## Дали вонучилишните активности се промотери на граѓанското учество или само сертификат за македонските средношколци?

Во продолжение на анализата на разликите во одговорите на ЛМИ-членовите споредени со останатите средношколци, многу е значајно дека студијата го потврди и позитивното влијание на вонучилишните активности врз социјалниот капитал на младите. Оние ученици кои посетуваат организирани активности надвор од училишното време е поверојатно да се вклучат и во волонтирање и во активности во корист на своите заедници. Иако поддршката од родителите сама по себе не игарше директна улога во граѓанското учество на средношколците (можеби затоа што мнозинството средношколци известуваа голема поддршка од своите родители), интересно е дека бројот на посетувани вонучилишни активности позитивно е поврзан со оценетата поддршка. Оние ученици кои оцениле дека имаат поголема поддршка од своите родители во просек посетуваат повеќе вонучилишни активности. Можеби преку поддршката за овие активности, родителите индиректно им помагаат на своите деца да создадат чувство на припадност и одговорност кон заедницата во која живеат.

Ако се земе предвид дека 60% од младите не го користат активно своето слободно време, од кои 10% пријавиле дека најчесто не прават ништо, а по 25% дека седат по кафулиња или дома пред ТВ или на интернет (Марковска-Спасеновска и Нашоковска, 2010) и дека ваквото непродуктивно „трошење време“ е веќе утврден тренд, важноста на организираните вонучилишни активности станува уште поголема. Стимулирањето и поддржувањето на ваквиот ангажман преку јавните политики може да биде главен мотиватор и поттикнувач младите конструктивно и во интерес на заедницата да го поминуваат своето време. Дополнително, иако оваа студија ги разгледуваше вонучилишните активности само како предиктор за граѓанско учество, вреди да се напомене дека тие како форма на неформално образование понатаму добиваат големо значење за младите како капитал на пазарот на трудот. Во Европската унија, но и глобално, сè повеќе се акцентира неформалното образование како замена за формално образование кое колабира во динамични економии бидејќи не може да ги следи. Во оваа насока, поттикнувањето на вонучилишните активности како дел од наставните програми преку јавните политики ќе биде клучно не само за поттикнување на граѓанското учество на младите, туку и за нивната олеснета транзиција на пазарот на трудот.



## Недовербата во институциите, властите и функционерите создава мрзлива младина

Последниот акцент од овој дел сакаме да го ставиме на два контрадикторни и, во исто време, опоменувачки резултати од нашето истражување. Првиот резултат е очекуваната позитивна врска меѓу довербата на средношколците и нивното граѓанско учество, волонтерство и ставовите спрема нив. Вториот резултат е контроверзниот недостаток на поголема доверба на членовите на ЛМИ-клубовите кон системите на власта, иако тие значајно повеќе и волонтираат и учествуваат во граѓански активности.

Бидејќи нивото на доверба кај сите македонски средношколци е многу ниско, корелацијата помеѓу довербата и граѓанската партиципација добива уште поголемо значење и е аргумент кој мора да се земе предвид при креирањето јавни политики за младите. Тоа што е клучно да се извлече од резултатите кои укажуваат на важната улога на довербата во институциите за граѓанското учество на средношколците е дека властите имаат голема одговорност активно да работат на градењето на таа доверба преку подигнување на интегритетот на институциите и соочување со проблемите на партизација и корупција. Во спротивно, постои опасност дека дури и оние млади луѓе кои се активно вклучени во подобрувањето на нивните заедници со текот на времето ќе се демотивираат и ќе изгубат интерес, особено ако се земе предвид високото ниво на недоверба во институциите кое се јавува дури и кај нив.

Со други зборови, тоа што дури и поактивните ученици не им веруваат на јавните институции значи дека и она малку граѓанско учество утврдено во резултатите на оваа студија нема да биде одржливо на долг рок доколку властите не покажат волја да ја подобрат репутацијата на овие институции пред пошироката јавност, а особено пред младите. Дополнителен индикатор и на некој начин закана во таа насока е и високата желба за миграција и на активните и на пасивните средношколци.

# Препораки

Граѓанското учество овозможува младите луѓе да развијат нови вештини, да разберат каков е процесот на носење одлуки и да научат како да придонесат за него. Со добивање подобар третман од општеството, младите ќе бидат мотивирани да преземат одговорност за случувањата во својата заедница. Учеството на младите придонесува за подобар квалитет на правната рамка со тоа што локалните и националните власти ќе имаат релевантен извор на информации, перспективи и потенцијални решенија кои ќе можат да ги користат во процесот на креирање на младинските политики. Земајќи ја предвид младинската димензија, афирмацијата на младите и разбирањето на потребите на младите, препораките кои произлегоа од ова истражување се:

**Локалните власти** во својата листа на приоритети да ги ставаат младите, нивните потреби и нивните проблеми и да ги вклучат во процесот на донесување одлуки на

локално ниво, да обезбедат еднакви можности во информирање и да се залагаат за нивна активна партиципација во политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот на локалните заедници.

Локалните власти да воспостават редовна комуникација со младите преку различни комуникациски алатки, вклучувајќи нови медиуми. Во склоп на секоја локална заедница да се креираат локални младински акциски планови и да се воведе мониторинг за нивна имплементација. Треба да се цели кон обезбедување простор каде младите ќе имаат можност да го поминуваат своето слободно време, да организираат активности и настани (во вид на младински информативни центри/ младински катчиња/ интернет-портали).

Локалната заедница да издвои буџет за конкретни младински активности и да придонесе кон афирмација на младите. Да ги зголеми капацитетите и да ги обучи кадрите со кои располага со цел тие да можат да работат и да придонесуваат за подобрување на младинската политика и состојбата на младите. Локалната заедница да започне со следење и поддршка на постоечките младински иницијативи.

**Образовните институции** и креаторите на образовниот курикулум да понудат соодветни содржини, вештини и знаења, односно овие институции да ги развијат и адаптираат образовните програми кои се сиромашни, затворени и неповрзани, така што ќе одговараат на потребите на младите и да имаат позитивен ефект врз нивниот понатамошен развој и образование. Да обезбедат практично знаење за комуникациски вештини и да создадат активни граѓани кои имаат општествена одговорност. Образованието да ги стимулира младите да комуницираат со локалните и со националните власти, преку механизми и процеси кои ќе ги научат на училиште. Да гради вештини кај младите кои се релевантни на пазарот на трудот и да ги подготви за самовработување. Да го унапреди учеството на средношколците во ученичкото управување и да обезбеди демократизација и плурализам во средношколското организирање.

Начинот на кој е условено финасирањето на државните училишта треба да се адаптира за да ги поттикне училиштата да пружаат образование за граѓански активизам. Во моментов, државата преку локалната самоуправа им плаќа на училиштата практично само според бројот на средношколци. Единствено за што се грижи државата е дали учениците се физички присутни во училиште, а не дали и што ќе научат. Иако бројот на ученици е важен фактор, сепак, сметаме дека дополнителното условување на државното финансирање на училиштата со резултатите на учениците ќе ги поттикне училиштата да користат формати за предавање и учење кои поефикасно го употребуваат времето на учениците и ќе им овозможат учење за граѓански активизам.

Со цел да работи на спречување на одливот на мозоци, централната власт треба да комуницира со младите, да работи на решавање младински проблеми и да дава одговор на прашања поврзани со младите. Да го промовира и да го вреднува волонтерството. Да обезбеди брза транзиција на младиот човек од образование во работен однос. Да почне да гради доверба кај младите преку подигнување на интегритетот на институциите и соочување со проблемите на партизација и корупција како и со преземање конкретни мерки од кои младите ќе имаат директни бенифиции. Централната власт во создавање на законодавната рамка да обезбеди континуирана дискусија и расправа во која се



вклучени сите релевантни субјекти кои работат во областа на младинските политики. Во оваа насока, добар пример за вклучување на потребите и очекувањата на граѓаните и особено на младите е: „План Д за демократија, дијалог и дебата на Европската унија". Овој план беше воведен во 2005 година, со цел да ја врати довербата на граѓаните во ЕУ преку подобрување на начинот на комуницирање со граѓаните. Меѓу другото, преку оваа програма се финансираат посети на европарламентарците во средните училишта, што е одлична можност за властите директно да ги слушнат проблемите со кои се соочуваат младите, но и да им покажат дека нивниот глас се слуша подалеку од училишните дворови.

**Националните власти** да ги поддржуваат младинските мрежи и да го поттикнуваат младинското здружување, во спротивно, оставени на својата индивидуална желба за учество и активизам, на оваа држава ѝ се заканува опасност дека дури и оние млади луѓе кои се активно вклучени во подобрувањето на нивните заедници со тек на време ќе се демотивираат и ќе изгубат интерес, односно ќе ја гледаат својата иднина надвор од границите на оваа територија.

**Агенцијата за млади и спорт** треба да обезбеди редовни годишни планови за имплементација на Националната стратегија, кои суштински ќе ја подобрат состојбата на младите и нема да претставуваат документи само на хартија. Според приоритетите и потребите на младите, како и акциските планови на годишно ниво, треба да се обезбеди соодветен буџет со кој ќе може да се остварат целите.

**Невладините организации**, исто така, можат да придонесат кон подобрување на статусот на младите, преку застапување на правата на младите, но и преку вклучување на младите во нивните активности. Волонтерството е важна алатка за развивање граѓанска свест и зголемување на граѓанското учество на средношколците, па преку развивање волонтерски програми и поттикнување учество на средношколците во нивната работа, невладините можат директно да влијаат на зголемување на граѓанското учество кај младите. Конечно, младинските невладини организации мора да работат заедно во застапувањето на интересите на младите преку формирање платформи и коалиции кои ќе лобираат за младите и ќе го поттикнуваат и набљудуваат процесот на креирање јавни политики кои директно влијаат на младите.

АПСТРАКТ

# ВОВЕД

МЕТОДОЛОГИЈА

## РЕЗУЛТАТИ

ДЕСКРИПТИВНА АНАЛИЗА НА ВАРИЈАБЛИТЕ

КОРЕЛАТИВНА АНАЛИЗА

# Апстракт

Оваа студија ги разгледува врските меѓу социјалниот капитал (конкретно граѓанското учество и волонтерството) кај средношколците во тринаесет градови во Република Македонија. На репрезентативен примерок од 3607 средношколци покажавме дека позитивните ставови кон граѓанските обврски, како и кон волонтерството корелираат со зголемено граѓанско учество и волонтерство. Поддршката од образовниот систем, бројот на вонучилишни активности, како и довербата во институциите и во општеството воопшто, исто така, позитивно корелираат со граѓанското учество и со волонтерството. Религијата и перципираната поддршка од родителите, од друга страна, немаат асоцијација со граѓанското учество и волонтерство. Во студијата, исто така, се истакнати и разликите на активните членови на клубовите на Локална младинска иницијатива и останатите средношколци.



**Клучни термини:** социјален капитал, граѓанско учество, волонтерство, редношколци, родителска поддршка, образовен ситем, религија, ставови, вонучилишни активности, Република Македонија.


# Вовед

Граѓанското учество, волонтеризмот и социјалниот капитал кај младите претставуваат актуелни теми на светската научна и политичка сцена. Денешната младина се дефинира како апатична, невклучена и неангажирана. Причините поради кои оваа младина е карактеризирана на овој начин се многубројни, а, воедно, се испитувани и анализирани во бројни меѓународни научни трудови.

Имено, разни автори изразуваат загриженост за тоа што тие го гледаат како пад на граѓанските норми и однесување кај адолесцентите и младите. Младите сѐ помалку се заинтересирани за политички прашања, ретко гласаат на избори и веројатноста да се вклучат во политички партии е помала (Blais, et al 2004, Franlin, 2004, Kimberlee 2002 и Norris 1999). Harris, Wyn and Youness оваа апатичност ја оценуваат како општоприфатен факт, односно известуваат дека младите во новиот глобализиран свет не ја разбираат релевантноста на државните политики и државниот активизам и не гледаат значење во традиционалните можности за афилијација и учество (Harris, Wyn & Youness 2010).

Од друга страна, оваа растечка апатија кај младите луѓе претставува потенцијална штета, како за нив, така и за општествата во кои тие живеат, ако е веќе познато дека кога тие се активно вклучени во подобрување на нивните заедници, тие ги подобруваат и сопствениот развој и развојот на граѓанското општество (Lerner 2004, Levine & Youniss 2006 и Zaff & Michelsen 2001).

За позитивните ефекти на граѓанското учество врз младиот човек известува многубројна литература, односно граѓанското учество се издигнува како главен резултат во теориите за позитивен развој на младите (Lerner et al 2009 и Lerner 2004).

Затоа, клучен аспект во програмите и политиките за развој на демократијата е да се разбере и да се поттикне граѓанското учество на младите во општеството (Sherrod & Lauckhardt 2009).

Акцентирањето на граѓанското учество и, пред сè, на граѓанската одговорност кај младите луѓе е важно и од аспект на развојот на идното граѓанско однесување бидејќи истражувањата укажуваат на тоа дека граѓанското однесување е значително стабилно и дека оние луѓе кои не гласале како млади е поверојатно да не гласаат ни како постари. (Jois & Troppe 2005) Така, студијата на Аспенскиот институт тврди дека младите луѓе не „прераснуваат" во гласачи, туку дека оние кои ќе створат навика на гласање од млади ја задржуваат оваа навика и како постари (Aspen study).

Гласањето како мерлив индикатор на граѓанската одговорност не е единствен облик на граѓанско учество. Активизмот, волонтерството и генерално преземањето активности за подобрување на заедницата се карактеризираат како граѓанско учество и социјална вклученост. Така Zaff et al предлагаат активното и ангажирано граѓанство да се разгледува како конструкт од втор степен кој во себе вклучува четири основни конструкти: 1) граѓанска одговорност, 2) граѓански способности, 3) соседски и социјални контакти и 4) граѓанска партиципација (Zaff et al 2010).

Тие ја опишуваат граѓанската одговорност како конструкт од ставови спрема оние на кои им е потребна помош, грижа за еднаквост на луѓето и генерално лична одговорност да се преземе нешто за помагање на заедницата и постигнување на еднаквоста. Прашањето: „Верувам дека можам да направам разлика во мојата заедница" е едно од прашањата кои ги отсликуваат овие ставови. Овој конструкт кореспондира со ставовите на Jois и Troppe кои сметаат дека токму ставовите на младите луѓе (конкретно ставовите кон волонтеризмот и гласањето како мерливи индикатори на социјалниот капитал) се основа за долгорочни решенија (Jois & Troppe, 2005).

Вториот конструкт - граѓанските способности, се вештини кои ни помагаат активно да дејствуваме во заедниците во коишто живееме. Самодовербата и практиката да се контактира еден дневен весник или член на парламентот се дел од таквите вештини. Изучувањето на овие вештини е редовен предмет и основен дел на научните програми во развиениот западен свет поради фактот што училиштата играат важна улога во создавање активни и ангажирани граѓани кои го познаваат системот на владеење и граѓанскиот живот (MCEETYA, 2008).

Третиот конструкт, односно соседските и социјалните врски се тесно поврзани со социјалната вклученост на младите. Тој го мери чувството на припадност на младите во заедниците во кои живеат и нивната перцепција за близината со своите соседи и сопствената важност во заедницата. Тука училиштето како важна институција во која младите поминуваат голем дел од своето време и особено наставниците и професорите, повторно играат голема улога. Прашања како: „Сметам дека им значам на луѓето од моето соседство" и „Моите наставници се грижат за мене", на пример, се две прашања кои го операционализираат овој конструкт.

Последниот и најрелевантниот конструкт на активно и ангажирано граѓанство е самата граѓанска партиципација како волонтеризмот и помагањето да се решат одредени проблеми во локалните заедници (Zaff et al 2010). И самата граѓанска партиципација



(или граѓанско учество) е поим кој многу автори предлагаат да се третира како мултидимензионален. Така, на пример, Dejaeghere & Hooghe прават разлика меѓу конвенционално и ангажирано граѓанство каде конвенционалното граѓанство има многу големо позитивно влијание врз веројатноста да се излезе на избори, додека концептот „ангажираност" е асоциран со волонтирање (Dejaeghere & Hooghe 2009). Овие автори одбиваат да веруваат во теориите на деградација на социјалниот капитал и предлагаат дека станува збор за замена, односно компензација, каде што младите „се преместуваат" од учество во „неатрактивните" политички партии кон разни волонтерски активности (Cohen 2005, O'Toole, Lister, March, Johens, McDonald 2003; Zurkin, Keeter, Andolina, Jenkins & Delli Carpini 2006).

Научната литература е буквално поделена меѓу песимистички автори кои сметаат дека социјалниот капитал на младите луѓе се намалува и поотимистички текстови кои, и покрај намалениот политички живот на младите, гледаат во алтернативните однесувања (волонтеризам, организирање протести и улични перформанси) како видови на граѓанско учество. Така, W. Lance Bennet (2003), на пример, тврди дека младите живеат во нестабилен социјален контекст и поради тоа наоѓаат поголемо задоволство доколку сами го дефинираат својот политички пат со тоа што ќе волонтираат локално, ќе учествуваат во потрошувачки активизам, ќе поддржуваат глобални каузи (заштита на животната средина, човекови права), ќе партиципираат во разни транснационални младински активности и ќе создадат глобално цивилно општество преку светски и локални социјални мрежи и форуми.

Сите овие обиди да се разберат комплексноста и оправданоста за граѓанско учество имаат за цел да го интегрираат овој поим во процесот на креирање политики и наставни програми за тие да бидат соодветни и успешни. Критиките кон „ограничувачките и конвенционални погледи во граѓанското образование" (Weber, 2008), исто така, се дел од научната литература.

Водени од овој меѓународен, научен и политички дискурс на тема: „Граѓанско учество и социјална вклученост", оваа студија има за цел да ги испита ставовите на македонските средношколци на оваа клучна тема. Ставовите, како што споменавме, се најважниот предиктор за граѓанско учество и главен индикатор за вистинската состојба на оваа тема. Освен ставовите, студијата ќе испита и некои предиктори на граѓанска партиципација, волонтеризам и тоа што Dejaeghere и Hooghe го нарекуваат конвенционално граѓанство, односно ставот кон гласањето на избори. Предикторите за кои станува збор се:

## 1. Поддршка од образовниот систем

Како што веќе спомнавме, образовниот систем и наставните програми се клучни во оформувањето на чувството на граѓанска одговорност и градење способности како и знаење за граѓанско учество. Научната литература е едногласна дека образованието има две цели, од кои едната е да го подготви ученикот да стане информиран и активен граѓанин. Така, едно од прашањата со кои се занимаваат научниците е дали училиштата навистина ги подготвуваат тинејџерите да ги преземат граѓанските одговорности со полнолетството? Дали им ги развиваат граѓанските вештини? Во

одговор на ова прашање Stern (2009) аргументира дека училиштата треба да развијат три клучни вештини: 1) аналитички вештини кои ќе им овозможат на средношколците да резонираат за јавни прашања, 2) запознатост со државните институции и нивните надлежности, и 3) учествување во заедницата. Науката сè уште гледа простор за унапредување во сите овие сфери. Слично, Kovacheva (1999) тврди дека учењето е тесно поврзано со учеството и со активното граѓанство. Според неа, активното учество имплицира активно учење и, во принцип, информираните граѓани носат подобри одлуки коишто ќе влијаат и на нивната иднина и на нивната сегашност.

## 2. Поддршка од родителите

Покрај училишната, неизбежна е и образовната улога што ја играат родителите. Влијанието на родителите врз ставовите и однесувањето на младите е докажано во многу студии, а нивното политичко однесување е еден од најголемите фактори кои одредуваат дали младите ќе гласаат. Родителите, заедно со училиштата и верските здруженија, се една од трите решавачки „институции" кои играат значајна улога во градењето на ставовите за граѓанско учество кај младата индивидуа (Jois & Troppe 2005).

## 3. Улогата на верските здруженија

Одново и одново во научната литература, верските здруженија (најчесто црквите[21]) се цитираат како влијателен фактор кој придонесува за поголемо граѓанско учество, волонтеризам и чувство на граѓанска одговорност. Постојат бројни теоретски и емпириски наоди (Caputo 2008; Becker & Dhingra 2001, Iannacone 1990, Wilson & Musick 1997) кои укажуваат на позитивна корелација меѓу религијата како форма на културолошки капитал и граѓанското учество, особено кога се зема предвид фреквенцијата на посети на верски објекти[22]. Истражувањето на Wuthnow (1999) кое ја користи само оваа димензија на религиозност покажува дека оние кои посетуваат верски објект двапати месечно или почесто постои поголема веројатност да волонтираат. Сепак, интересно е да се забележи дека во истражувањето на Capote (2008), кој прави разлика меѓу различни форми на волонтерска работа[23], фреквенцијата на учество во религиозни обреди нема влијание врз исклучиво активистичка волонтерска работа.

Иако Република Македонија нема долга историја на работа на верските заедници со групи на деца и млади, сепак, е интересно да се испита дали религиозноста влијае врз ставовите на младите и има индиректен удел и во граѓанското учество на младите и на нивното чувство на припадност во заедниците во кои живеат.

**21** Поради тоа што најголемиот дел на цитирани научни трудови потекнуваат од САД, Велика Британија, ЕУ и Австралија.
**22** Поновите истражувања ја мерат религиозноста преку дополнителни димензии. Lam (2002) користи 4 димензии: афилијација, посветеност, фундаментализам и учество (фреквенција на посетување), додека Park и Smith(2000) го додаваат религиозното социјализирање. Нашата студија го користеше само учеството како докажан предиктор на граѓанско учество.
**23** Caputo додава трета категорија на класичната дихотомија на волонтер/неволонтер и ги дели испитаниците на активист волонтер, неактивист волонтер и неактивист неволонтер.



## 4. Вонучилишни активности

Младите поминуваат речиси половина од своето будно време на доброволни активности надвор од училиштето, како, на пример, спортски или училишни клубови (Larson & Verma, 1999). Иако постои голема варијација во нивоата и природата на овие ангажмани, генерално, истражувањата покажуваат дека инволвираноста во организирани активности е од корист за младите, односно е корисно искористување на времето поминато надвор од училиштето (Feldman & Matjasko, 2005; Holland & Andre, 1978). Што е најважно, вонучилишните активности се предиктори на училиштен успех, ментално здравје и граѓанско учество (Barber, Eccles, &Stone, 2001; Fredricks & Eccles, 2006; Mahoney, Cairns & Farmer, 2003). Колку е поголем бројот на вонучилишни активности, толку е поголема приспособеноста на младите во заедниците во коишто живеат бидејќи секоја организирана активност може да се сфати како посебна средина за учење со единствени можности за раст и развој (Hansen et al, 2003; Larson, Hanson, & Moneta, 2006) и помалку време за ризични и непродуктивни активности (Mahoney & Stattin, 2000; Osgood, Willson, O'Maley, Bachman, & Johnson, 1996).

Сè на сè, поголемо учество во организирани вонучилишни активности за време на средношколските денови успешно предвидува поголемо ниво на граѓанско учество кај младите (Fredrick and Eccles; 2006; McLellan, Su & Yates, 1999; Fredricks & Eccles 2010). Исто така, структурираното активно учество во средните училишта, особено оние активности кои се сервисно ориентирани, го зголемуваат граѓанското учество бидејќи учат на лидерски способности, на вредностите на општествена одговорност и ги изложуваат младите на колективна акција (Glanville, 1999; Youniss& Yates, 1997; Fredricks & Eccles 2010).

## 5. Доверба или цинизам

Последниот предиктор (корелат) на граѓанско учество кој оваа студија го разгледува е нивото на доверба, односно цинизам на младите средношколци кон институциите и сограѓаните со коишто живеат. Едно од објаснувањата за опаѓањето на граѓанското учество кај младите е верувањето дека младите сметаат дека политиката е неефективна (Benjamin Quinto во Jois & Troppe 2005), дека процесот на гласање не носи никакви конкретни резултати (Byrne Fields, 2001), дека политичарите не ги застапуваат нивните ставови (Bauman, 2001; Beck and Beck-Gernsheim, 2001; Giddens, 1992), дека јавните институции се импотентни во процесот на трансформација на приватните маки во јавни прашања (Bauman, 2001) и дека општеството како такво веќе не се доживува како заедница која врзува и кон која младите треба да имаат чувство на припадност (Harris, Wyn and Younes, 2010).

Во тој случај не е чудно што младите кои се граѓански активни, односно оние кои припаѓаат во граѓански најангажираната група (оние кои волонтирале во последната година и кои веруваат дека гласањето на избори е важно) имаат понаклонети ставови кон властите и општеството, им веруваат на другите, зборуваат за политика со своите родители, веруваат дека можат да направат промени во заедниците во коишто живеат и веруваат дека избраните функционери се грижат за младите (Jois & Troppe 2005[24]).

**24** Goutam U. Jois and Chris Toppe. "Civic Engagement Among American Youth: Research, Activism, and Democracy" Association for Research on Nonprofit Organizations and Voluntary Action. Washington, DC. Nov. 2005.

# Методологија

## Инструмент

Прашалникот за целите на истражувањето беше составен од прашања цитирани во три релевантни студии (Jois & Troppe, 2005; Dejeghege & Hoorghe, 2009, Zaff et al., 2010), извлечени од големи национални студии, и тоа: Белгиската студија за млади (Belgian Youth Survey 2006), анкетата на Центарот за информации и истражување на граѓанско образование и учество (Center for Information and Research on Civic Learning and Engagment CIRCLE) и Прашалникот на Zaff et al., 2010, конструиран од повеќе валидни и тестирани инструменти (за повеќе информации за употребените скали консултирајте Zaff et al., 2010). Во Прашалникот влегоа и прашања кои беа конструирани исклучиво за потребите на оваа студија и за интерните потреби на Младинскиот образовен форум. Прашањата беа поделени на два дела и се создадоа две верзии на Прашалникот со цел да не бидат предолги – удобност која ја овозможи големината на примерокот.

Сите прашања, како и демографската анализа на одговорите, се наоѓаат во делот: Дескриптивна анализа на резултатите од анкетата, подолу во текстот на оваа студија.

1. **Граѓанското учество**, односно активизам беше мерено со прашањето: *„Дали некогаш си работел/а заедно со друг или во група да решите одреден проблем во градот во којшто живееш".* Неангажираните средношколци никогаш не работеле на одреден проблем, средно ангажираните работеле, но не во последната година, и високо ангажираните работеле и во последните 12 месеци.

2. **Волонтерството** беше мерено со прашањето: *„Дали некогаш си учествувала во каква било волонтерска работа или активност (под волонтерска работа подразбираме доброволно давање услуги, знаења и вештини и/или вршење други атктивности во корист на други лица, организации, институти и сл. без надомест)?* Оние кои не волонтирале никогаш, беа кодирани со 0, оние кои волонтирале, но не во последните 12 месеци - со 1, и оние кои волонтирале во последната година - со 2.

3. **Граѓанската одговорност,** во контекст на конвенционално граѓанство, беше мерена со прашањето: *„Колку гласањето е важно за тебе лично?"* Во серијата мерени ставови во контекст на ангажираност беше и прашањето: *„Ако не си волонтирал/а, а имаш можност и време, можеш ли да се замислиш како волонтер за заедницата/градот?*

4. **Поддршката од образовниот систем**, од една страна, беше мерена со четири прашања за граѓански активности кои на средношколците им биле или не им биле овозможени како дел од предметната настава: напишано писмо до институција/непознато лице; одржан говор или усна презентација; учество во дебата/дискусија и посета на државна/општинска институција. Како мерен предиктор на граѓанско учество беше употребен вкупниот број на изведени активности. Од друга страна, беше употребено и прашањето: *„Дали кој било од твоите предмети во училиште бара од тебе да ги следиш актуелните политички настани во твојот град или во државата преку читање дневни весници, гледање вести, ТВ, интернет или слично?"*

5. **Поддршката од родителите** беше мерена со прашањето: *„Ако размислуваш за некои активности кои би сакал/а да ги преземеш во иднина, дали сметаш дека твоите родители би те поддржале во повеќето твои одлуки и желби или мислиш дека тие поверојатно би се противеле?"* Дополнително беше прашано и колку често родителите гласале на избори, како и колку често учениците разговараат за дневно-политичките настани со своите родители, со цел да се измери влијанието на овие фактори врз нивото на граѓанско учество на средношколците.

6. **Улогата на верски здруженија**. Во контекст на Wuthnow, улогата на религиозните здруженија беше мерена преку фреквенцијата на посета на верски објекти (од никогаш, само за празници и еднаш, до два-три пати месечно, до еднаш или повеќепати неделно).

7. **Вонучилишни активности**. Улогата на вонучилишните активности врз степенот на граѓанско учество беше мерена со отворена листа од 12 различни активности од кои требаше да се изберат сите кои испитаникот ги посетувал. На тоа учениците имаа можност и сами да додадат активност на прашање во отворена форма. Слично како за поддршката од училиштето, а во контекст на Fredricks & Eccles (2010), и овде беше употребен вкупниот број на посетувани вонучилишни активности.

8. **Доверба или цинизам**: Довербата беше мерена на скала конструирана од средната вредност на 17 прашања, како ставовите: *„Колку сметаш дека ти лично можеш да промениш?", „Колку властите/невладини организации влијаат врз твојот живот?"* и *„Колку избраните функционери се грижат за младите?".* Покрај ставовите, беше директно прашано колку учениците им веруваат на десет институции, вклучувајќи ги и јавните медиуми и меѓународните организации. Релијабилноста (интерната конзистентност) на оваа скала беше задоволителна, со Кронбахова алфа, Cronbach's α=0.797.

## Учесници и процедура

Анализата на граѓанско учество, социјална вклученост и проблеми на средношколците во Македонија беше спроведена во 13 градови низ државата, во педесет средни училишта. Истражувањето е спроведено во рамките на проектот „Локална младинска иницијатива", од страна на Младински образовен форум, во соработка со „Реактор - истражување во акција", во два наврата, поточно во мај и во септември 2010 година, со поддршка од Фондацијата Институт отворено општество – Македонија.

Прашалникот беше одговорен од 3607 средношколци од 149 различни, случајно избрани паралелки од кои половината беа стручни, а половина - гимназиски. Прашалникот го одговорија и 182 членови (исто така средношколци) на клубовите на Локалната младинска иницијатива низ тринаесет градови.

Од целиот примерок, 1643 ученици или 45.6% учат во Скопје, 338 или 9.4% во Битола, 84 или 2.3% во Делчево, 62 или 1.7% во Кратово, 204 или 5.7% во Кичево, 267 или 7.4% во Струга, 190 или 5.3% во Струмица, 54 или 1.5% во Ресен, 99 или 2.7% во Неготино,

125 или 3.5% во Гевгелија, 80 или 2.2% во Дебар, 235 или 6.5% во Велес и 224 или 6.2% посетуваа настава во Штип. Од нив 969 или 27.8% живеат во село, 2522 или 72.2% во град, а 112 ученици, не го навеле своето место на живеење (3.1%).

Прашањето за пол го одговорија 97.8% од средношколците, останатите 2.1% или 77 средношколци решија да не го оддадат својот пол. Од тие што се евидентираа, 45.5% или 1604 се изјаснија како машки, а 54.5% или 1924 како женски.

Најголем број ученици (1178 или 33.4%) беа на возраст од 16 години. 853 или 24.2% имаа по 15, 873 или 24.8% по 17 години, 254 или 7.2% беа 14-годишни и 10.4% или 366 ученици имаа по 18 години. Едно момче и една девојка се изјасниле како 19-годишни, а 78 ученика (2.2%) не ја откриле својата возраст.

Што се однесува до етничката припадност на примерокот, 2242 средношколци или 69.4% се изјасниле како Македонци, 713 или 20.3% Албанци, 143 или 4.1% Турци, 79 или 2.2% Роми, 47 Срби, 31 Влав, 47 Бошњаци и 12 со друга етничка припадност од горенаведените. 2.2%, односно 81 ученик не се изјасниле за својата етничка припадност.

# Резултати

## Дескриптивна анализа на варијаблите

Во овој дел ги претставуваме само средните вредности и стандардните девијации на релевантните (гореобјаснети) варијабли. Детална дескриптивна анализа на сите резултати и варијабли е дадена подолу.

1. Граѓанско учество (M=0.53, SD=0.75)[25]
2. Волонтерство (M=0.73, SD=0.82)
3. Граѓанска одговорност
    a. Конвенционално граѓанство (M=1.50, SD=1.43)
    b. Ангажираност (M=2.10, SD=0.80)
4. Поддршка од образовниот систем (M=0.72, SD=0.83)
5. Поддршка од родителите (M=2.48, SD=0.82)
6. Фреквенција на посета на верски објекти (M=1.52, SD=0.83)
7. Вонучилишни активности (M=2.72, SD=1.82)
8. Доверба (M=2.19, SD=0.61)

За нашите податоци е ограничувачки фактот што сите варијабли не се нормално распределени, туку се накосени, и со тоа не ги исполнуваат главните услови за параметриски тестови.

Како коваријанти беа контролирани следниве социо-демографски варијабли: полот, возраста, етничката припадност, големината на местото на живеење и можностите што средношколците оценуваат дека ги имаат.

**25** Каде M ја означува средната вредност, а SD ја означува стандардната девијација.



| | 1 | 2 | 3a | 3b | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Граѓанско учество | - | | | | | | | | |
| 2. Волонтерство | **.438**** | - | | | | | | | |
| 3. Граѓанска одговорност | | | | | | | | | |
| а) Конвенционално граѓанство | .088** | .077** | - | | | | | | |
| б) Ангажираност | **.170**** | **.227**** | .086** | - | | | | | |
| 4. Поддршка од образовниот систем | **.316**** | **.252**** | .098** | .171** | - | | | | |
| 5. Поддршка од родителите | .002 | .025 | .049** | .069** | .038 | - | | | |
| 6. Фреквенција на посета на верски објекти | .053* | .000 | .007 | .037 | a. | -.007 | - | | |
| 7. Вонучилишни активности | **.160**** | **.197**** | .087** | **.142**** | a. | **.108**** | -.029 | - | |
| 8. Доверба | .097** | .092** | **.232**** | **.126**** | .063** | .099** | .046 | **.128**** | - |

** корелација е сигнификантна на 0.01 ниво

* корелација е сигнификантна на 0.05 ниво

a. Не може да биде пресметано, бидејќи варијаблите се дел на два различни прашалника

## Корелативна анализа

Корелациите меѓу граѓанското учество, волонтерството и предложените предиктори се претставени во табела 1.

Како што се гледа од табелата, граѓанското учество и волонтерството корелираат високо, што значи дека е поверојатно оние ученици коишто учествувале во активна работа во своите заедници, да биле и волонтери во исто време. Ова ја става под знак на прашање тезата за мултидимензионалноста на концептот на граѓанско учество во нашето истражување. Бројката на оние коишто биле активно инволвирани во своите заедници и коишто волонтирале е многу мала меѓу македонските средношколци (види резултати), а од корелативната анализа произлегува дека овој мал процент на активисти и волонтери е делен од една иста група на млади луѓе.

Втор, најевидентен заклучок од корелативната анализа е дека поддршката од образовниот систем е најголем предиктор на граѓанско учество. Оние ученици коишто на училиште се стекнале со најголем број на граѓански вештини, во најголем број веќе работеле на решавање некој проблем во заедницата. Бројот на вонучилишни активности како и позитивниот став кон волонтерството, исто играат значајна сигнификантна и практична улога (r>0.1) во одлуките на средношколците активно да се вклучат во решавање на проблемите во своите градови. Довербата на младите, како и нивниот позитивен став кон гласањето, исто така позитивно влијаат врз нивната инволвираност во заедниците. Од друга страна, оценетата поддршка од родителите немаше никакво влијание врз граѓанското учество, а религиозноста многу мало.

Волонтерството покажа слични корелации како и граѓанското учество, со тоа што влијанието на училиштето е малку намалено, а позитивниот став кон волонтерството очекувано игра поголема улога. И овде родителите не играат важна улога, а религиозноста сосема губи ефект.

Од останатите корелации е интересно да се забележи дека довербата во институциите силно корелира со ставовите на младите луѓе (во контекст на Dejaeghere and Hooghe, и со конвенционалните ставови и со ставовите кон ангажираното граѓанство) со што индиректно може да влијае на граѓанското учество.

Освен местото на живеење (каде што учениците од село значително помалку волонтирале и биле активни) ниту еден друг демографски фактор немаше значајна улога во граѓанското учество и волонтерството на младите.

Ако со употреба на регресија се обидеме да ги разјасниме причините зад граѓанското учество, односно да утврдиме колку горенаведените предиктори го дефинираат идното граѓанско учество, добиваме модел што објаснува само меѓу 6 и 10% од варијанцата ($R^2$=0.06, p<0.01 за првиот прашалник; $R^2$=0.117, p<0.01 за вториот прашалник). Ова значи дека освен горенаведените, причините за граѓанско учество треба да се бараат и во други - екстерни предиктори. Сепак, поради горесгоменатата неисполнетост на основните услови за параметарски тестови, каде што покрај ненормалната дистрибуција на варијаблите има и висока мултиколинеарност, не ја продлабочуваме регресивната анализа.

# Дескриптивна анализа на резултатите од анкетата

## Граѓанско учество и волонтеризам

1. **Дали некогаш си работел/а заедно со друг или во група, за да решите одреден проблем во градот во којшто живееш?**

На прашањето: *„Дали некогаш си работел/а заедно со друг или во група, за да решите одреден проблем во градот во којшто живееш?“*, 62.8% од нашите средношколци одговорија дека никогаш во својот живот не биле ангажирани во решавањето одреден проблем во сопствениот град. Од тие што биле ангажирани, 21.6% тоа не го сториле во последната година. Само 15.5% од средношколците биле вклучени во некаков вид активност во последната година. Ако ги споредиме одговорите на ЛМИ-членовите со одговорите на останатите испитаници, се јавуваат значителни разлики од голем ефект (d=1.11) во одговорите, при што е поверојатно испитаниците да работеле на решавање локален проблем ако се членови на ЛМИ (M = 1.34 кај ЛМИ-испитаниците, M = 0.48 кај останатите).



**Дали некогаш си работел/а заедно со друг или во група за да решите одреден проблем во градот во кој живееш?**




2. **Дали некогаш си учествувал/а во каква било волонтерска работа или активност? Под волонтерска работа подразбираме доброволно давање услуги, знаења и вештини и/или вршење други активности во корист на други лица, организации, институции и слично, БЕЗ НАДОМЕСТ.**

Бројките се малку подобри кога станува збор за волонтерска работа, но, сепак, половина (51.2%) од средношколците никогаш не волонтирале. Така на прашањето: *„Дали некогаш си учествувал/а во каква било волонтерска работа или активност?“*, 51.2% одговориле дека никогаш не волонтирале. Од тие што волонтирале, половината (23.9% од целиот примерок) волонтирале и во последната година.
Интересно е дека децата од село помалку волонтирале од тие што живеат во град. Што се однесува до етничката припадност, Власите се на прво место како група која најмногу волонтирала; а Албанците на последно, како група што најмалку волонтирала. Разликите меѓу двете најголеми етнички групи[26], Македонците и Албанците, се со мал кон среден ефект (d = 0.35), при што Македонците е поверојатно да волонтираат во споредба со Албанците.
Како и кај претходното прашање, и тука ЛМИ-членовите покажуваат поголема иницијатива, па од резултатите може да се забележи дека тие значително повеќе волонтирале од останатите испитаници (M = 1.38 кај ЛМИ-членовите, M = 0.69 кај останатите). Разликите се од голем ефект (d = 0.85).

3. **АКО НЕ си волонтирал/а, а имаш можност и време, можеш ли да се замислиш како волонтер за заедницата/градот?**

Охрабрувачки е дека на прашањето: *„Доколку би имале можност и време, дали би можеле да се замислат како волонтери?“*, најголемиот дел од средношколците одговараат со: **„Најверојатно да“** (52.5%). Бројот на тие што се сигурни дека би волонтирале е високи 31.2%, а само 16.3% одговараат со: „Најверојатно не“ или „Сигурно не“.
Ако како фактор се земе етничката припадност, разликите во одговорите на двете најголеми етнички групи се од голем ефект. Од друга страна, членството во ЛМИ повторно се јавува како позитивен фактор, со разлики од речиси среден ефект (d = 0.49).
Сепак, кај ова прашање првпат се соочуваме со нелогичноста во одговорите на македонските средношколци. Од 1735 средношколци кои на претходното прашање

**26** Единствено македонските и албанските средношколци се вистински репрезентативни групи и само меѓу нив споредбите се вистински релевантни. Сите други споредби на различните етнички групи се само индикативни и треба да се интерпретираат со внимателност.

одговориле дека волонтирале, 1635 одговарале и на прашањето: „Ако НЕ си волонтирал..." Прашање е дали станува збор за незаинтересираност, брзоплето и нескoнцентрирано читање на Прашалникот или за нешто друго.

**4. АКО си волонтирал/а, како започна да волонтираш?**

Како се станува волонтер? Најголемиот број волонтери (24.8% од оние што дале одговор) едноставно се вклучиле без некоја посебна причина. 17.5% навеле дека волонтирале бидејќи биле замолени од некоја другарка или другар да помогнат, на 11.4% волонтеризмот им бил обврска за во училиште, а 9.1% биле многу заинтересирани за прашањето за кое работеле.
Сепак, повторно има парадоксални и поразувачки одговори од средношколците: од 1821 испитаници кои одговориле дека никогаш во животот не волонтирале, 789 дале конкретен одговор на прашањето како започнале да волонтираат. Овие резултати повикуваат на внимателност во интерпретирањето или давање преголемо значење на кој било од понатамошните резултати.

# Иницијатива и лична одговорност

**5. Размислувајќи за проблемите кои ги гледаш во твојот град, колку сметаш дека ТИ ЛИЧНО можеш да промениш, односно да направиш за да ги решиш овие проблеми?**

Колку од средношколците сметаат дека како дел од општеството во кое растат и живеат можат да придонесат за решавање на проблемите со кои се соочува нивниот град? Огромни 68.3% од македонските средношколци сметаат дека ништо, односно малку можат да променат. 15.5% сметаат дека делумно можат да променат, а само 16% дека многу можат да променат. Ако земеме предвид дека станува збор за средношколци кои сè уште немаат излезено во „вистинскиот свет", загрижува огромната бројка на предвреме разочарана, скептична младина, која расте без идеали за подобрување на сопствената иднина во сопственото место на живеење.

**Размислувајќи за проблемите кои ги гледаш во твојот град, колку сметаш дека ТИ ЛИЧНО можеш да промениш, односно да направиш за да ги решиш овие проблеми?**






Иако во просек скептични, Албанците покажуваат најголем оптимизам со сопствените можности да доведат до промени, додека групата Срби - најголема резигнација. По Србите во својот скептицизам најбројни се Ромите. Разликата меѓу двете најбројни групи (Македонци и Албанци) е сигнификантна со мал кон среден ефект d=0.39.
За разлика од претходните прашања, тука нема разлики во одговорите на ЛМИ-членовите и на останатите испитаници, што значи дека и кај нив владее генералниот песимизам за можноста лично да придонесат кон позитивни промени. Во просек, ЛМИ-членовите одговарале дека малку можат да променат.
Оваа недоверба на средношколците е конзистентна со неактивноста на средношколците и, можеби, е причина за неа. Како што спомнавме, средношколците не само што не веруваат дека можат да ги решат проблемите туку и не се ни обидуваат да го сторат тоа. Тоа го потврдува веќе спомнатата бројка од само 15% што биле вклучени во решавање локален проблем (види прашање 1), односно речиси две третини од средношколците што никогаш не биле вклучени во таква иницијатива.

**6. Кога учениците не се согласуваат со професорите, дали сметаш дека тие треба јавно да го искажат своето мислење или попаметно е мислењето да си го задржат за себе?**

Колку учениците воопшто веруваат дека нивното мислење би вредело да се изнесе пред јавноста и пред институциите? Да тргнеме од училиштето каде тие го поминуваат најголемото време и каде професорите се нивниот прв контакт со јавните институции. Дали нашите средношколци учат дека треба да си го кажат своето мислење или „научуваат" дека е попаметно да си молчат?
На прашањето: *„Кога учениците не се согласуваат со професорите, дали сметаш дека тие треба јавно да го искажат своето мислење или попаметно е мислењето да си го задржат за себе?"*, охрабрувачки висок процент средношколци (65.8%) претпочитаат да го кажат своето мислење дури и ако тие не се согласуваат со своите професори. Сепак, речиси една третина од нив (31.1%) сметаат дека е попаметно да молчат. На ова прашање одговор не дале 3.1% од испитаниците.
Од етничките групи највоздржани се Власите и Албанците (45% и 41% од влашките, односно од албанските средношколци, последователно, сметаат дека е подобро да си молчат), а најгласни се Турците и Македонците (75% и 70% од турските, односно од македонските средношколци, последователно, сметаат дека е подобро да си го кажат своето мислење). Разликите меѓу двете најголеми групи се од мал кон среден ефект (d=0.27).
Разлики постоеја и меѓу учениците од село и од град, со тоа што средношколците што живеат во руралните средини е поверојатно да сметаат дека несогласувањето треба да се премолчи. Најинтересна разлика постои меѓу половите, каде средношколките, неочекувано, во просек повеќе сметаат дека треба да си го кажат своето мислење од своите машки соученици: 70% спрема 66%.
Сепак, треба да се напомене дека овие две последни разлики не го преминуваат практичниот ефект и се во рамки на границата на грешка.
На разлики наидовме и меѓу ЛМИ-членовите и останатите испитаници, со тоа што овие разлики се од мал ефект (d=0.3)

**7. Без разлика дали во моментов имаш право да гласаш, колку гласањето е важно за ТЕБЕ лично?**

Една од најголемите граѓански обврски, односно одговорност, е гласањето на локални и на парламентарни избори кога тие реално се дел од можни промени на влади, совети и собранија. Како средношколците ја доживуваат оваа нивна идна обврска? Резултатите на прашањето: *„Без разлика дали во моментов имаш право да гласаш, колку гласањето е важно за ТЕБЕ лично?“* покажаа дека тие се доста поделени по ова прашање. Од оние што одговориле на ова прашање, 48.4% сметаат дека гласањето не е воопшто важно, односно е малку важно, додека останатите 51.6% дека гласањето е делумно, односно многу важно. На ова прашање не одговориле 5% од испитаниците.
Ова е висок процент на средношколци за кои оваа граѓанска обврска не е важна. Овие резултати беа независни од возраста на средношколците: ниту оние со стекнато право на глас, т.е. со наполнети 18 години го ценеа гласањето различно од своите помлади соученици, ниту другите возрасни групи за да се разликуваат меѓу себе.
Многу мали разлики постоеја само помеѓу половите (девојките се малку поодговорни од момчињата) и меѓу различните етнички групи каде за Бошњаците и за Албанците гласањето е најмалку важно, а за Ромите и за Турците е најважно.
Разлики имаше и во одговорите на ЛМИ-членовите, кои гласањето го ценат повеќе од останатите испитаници. Овие разлики се од голем практичен ефект (d=0.65).

**8. Од тоа на што се сеќаваш додека си растел, мислиш дека твоите гласаа на сите избори или...?**

Овие резултати (на голема рамнодушност на средношколците според значењето на изборите) се уште позачудувачки ако се земе предвид дека 75.1% од родителите на нашите средношколци гласале на сите, односно речиси на сите избори.
Повторно постојат разлики меѓу ЛМИ-членовите и останатите испитаници, но овој пат со мал практичен ефект (d=0.25).

**9. Од друга страна – ако се потрудиш - колку сметаш дека ТИ можеш да влијаеш врз тоа како работат властите?**

Не само што средношколците не веруваат дека можат директно нешто да променат, тие не веруваат ниту дека можат да влијаат врз тоа како работат властите. Високи 72.2% сметаат дека тие можат малку, односно воопшто не можат да влијаат врз тоа како работат властите! На прашањето: *„Ако се потрудиш, колку сметаш дека ТИ можеш да влијаеш врз тоа како работат властите?“* само 10.2% сметаат дека можат да имаат големо влијание, 16.6% сметаат дека делумно можат да влијаат, а 3.2% не дале одговор на ова прашање. Ова укажува на голема резигнираност на средношколците дека имаат каква било улога во општествените одлуки.



**Ако се потрудиш, кочлку сметаш дека ТИ можеш да влијаеш врз тоа како работат властите?**




Средношколките и средношколците не се разликуваат во своите одговори ниту, пак, средношколците од различна возраст сметаат дека можат да имаат различно влијание врз работата на властите.
Разлики постојат единствено меѓу различните етнички групи, каде што Турците и Албанците сметаат дека можат да имаат повеќе влијание од Србите и од Бошњаците, коишто сметаат дека можат да имаат најмалку влијание. Разликите меѓу Албанците и Македонците се статистички значајни, но од мал практичен ефект d=0.23.
Интересно е да се забележи дека немаше разлики во одговорите на ЛМИ-членовите и останатите испитаници, што значи дека членовите на ЛМИ-клубовите се чувствуваат еднакво беспомошни кога станува збор за тоа колку можат лично да влијаат врз работата на властите.

**10. Јас имам лична одговорност да се ангажирам и да пробам да го подобрам општеството ИЛИ Подобрувањето на општеството не е моја работа, туку работа за други и за политичарите**

Едно од последните прашања во прашалникот ги соочи средношколците со три екстремни изјави од коишто требаше да ја изберат таа со која што повеќе се согласуваат. Едно од нив беше да изберат дали подобрувањето на општеството е нивна лична одговорност или не е нивна работа. На ова прашање, висок процент средношколци (37.2%) избраа воопшто да не одговорат. Од тие што одговорија, 54% сметаат дека немаат лична одговорност за подобрувањето на општеството, односно дека тоа не е нивна работа, туку работа за други и за политичарите. Со ова уште еднаш се потврдуваат амбивалентноста, резигнацијата, незаинтересираноста, како и апсолутниот недостиг на општествена одговорност на денешните средношколци.

**Лична одговорност**




Ако ги разгледаме одговорите според етничката припадност на испитаниците, најголема лична одговорност постои кај Власите и Албанците, а најмала кај Бошњаците и Србите. Разликите меѓу двете најголеми групи не се сигнификантни.
Разлики во одговорите повторно се јавуваат меѓу ЛМИ-членовите и останатите испитаници, каде што членовите покажуваат поголема лична одговорност. Овие разлики се со среден ефект (d=0.55).

# Поддршка од образовниот систем

Колку македонските училишта ги поткрепуваат средношколците со потребните вештини и мотивација за граѓанско учество? Дали од македонските ученици се бара да дебатираат на одредени проблеми и да градат критично мислење, дали учат формално да комуницираат со јавните институции и дали интересот за актуелните настани е дел од редовната настава?
Веќе видовме дека средношколците ретко посетуваат настава што ги конфронтира со актуелните политички проблеми. Дали образовниот систем нуди друг вид активности што ги оспособуваат средношколците за граѓанско учество?

**11. За време на средношколските денови, што од доленаведеното веќе си направил/а НА УЧИЛИШТЕ?**

- Имам напишано писмо до непознато лице/институција
- Имам одржано говор или усна презентација
- Имам учествувано во дебата/дискусија во којашто требав да убедам некого во мојот став
- Имам посетено државна/општинска институција
- Ништо од горespоменатото

Од нашите средношколци, 46.3% немаат направено ниту една од споменатите активности. Само 6.7% имаат напишано писмо до институција или до непознато лице, 27.4% имаат одржано говор или усна презентација, 23% имаат учествувано во дебата и само 16.5% имаат посетено државна или општинска институција.




Се чини дека вината за незаинтересираноста на средношколците лежи и во нашите образовни установи.
Кога ги разгледавме одговорите на ЛМИ-членовите и останатите испитаници, утврдивме дека е поверојатно ЛМИ-членовите да ги имаат направено сите од горенаведените активности, со исклучок на посета на државна/општинска институција.

**12. Дали кој било од твоите предмети во училиште бара од тебе да ги следиш актуелните политички настани во твојот град или во државата, било преку читање дневни весници, гледање вести, ТВ, интернет или слично?**

Кога станува збор за предмети во коишто се обработуваат актуелни политички настани, 65.9% од учениците наведуваат дека немаат такви предмети. Бројката се намалува со зголемената возраст на учениците, што значи дека ваквите предмети се поверојатни во последните години од средното образование. Сепак, и кај најстарите имаме 52.8% коишто немаат вакви наставни предмети. Се чини дека резултатите на прашањето: *„Дали кој било од твоите предмети во училиште бара од тебе да ги следиш актуелните политички настани во твојот град или во државата, преку читање дневни весници, гледање вести, ТВ, интернет или слично?"* укажува дека нашите образовни институции недоволно ги подготвуваат средношколците за граѓанско учество.
Интересно е дека кај ова прашање наидовме на разлики во одговорите на ЛМИ-членовите, споредено со останатите испитаници. Така, од ЛМИ-членовите дури 45.1% одговориле дека имаат предмети што бараат следење дневно-политички настани, споредено со 33.4% од останатите испитаници. Со оглед на тоа дека ЛМИ-членовите ги посетуваат истите средни училишта како и останатите испитаници, можно е овие разлики да се должат на изборот на проектни активности во рамките на училиштето.

**13. Дали си имал/а можност да зборуваш за проблемите на младите НА ЧАС?**

Мнозинството од средношколците (59.9%) одговориле дека имале можност да зборуваат за проблемите на младите на час. Тука утврдивме разлики во одговорите на членовите на ЛМИ-клубовите во споредба со останатите испитаници, коишто покажуваат дека кај ЛМИ-членовите постои поголема веројатност да дискутирале вакви проблеми на час. Овие разлики се со речиси среден ефект (d=0.44).

**14. Дали твоето училиште има средношколска унија или некој друг вид на ученичко управување?**

На прашањето дали нивното училиште има средношколска унија или друг вид на ученичко управување, 70.3% од средношколците одговориле: „Не знам". Вкупно 12.9% мислат дека нивното училиште нема средношколска унија, 12.8% одговориле дека има, но дека не знаат кој е претставник од нивниот клас, а само 4% го навеле и името на претставникот.
Кај ова прашање наидовме на големи разлики во одговорите на ЛМИ-членовите и останатите средношколци. Од членовите на Локалната младинска иницијатива само 24.8% одговориле дека не знаат, споредено со 73.6% од останатите испитаници. Дополнително, за разлика од само 2.8% од останатите средношколци, дури 20.8% од ЛМИ-членовите го навеле името на нивниот претставник.

**15. Дали си учествувал/а во избор на претставник за средношколска унија или друг вид на ученичко управување?**

Дури 81.3% од средношколците изјавиле дека никогаш не учествувале во избор на претставник за средношколска унија. Тука ЛМИ-членовите значително отскокнуваат во одговорите од останатите испитаници: од нив дури 40.2% учествувале во ваквите избори, споредено со само 17.2% од останатите испитаници.




Кои се причините за овие огромни бројки на буквална исклученост на средношколците од одлучувањето за единствениот орган чијашто цел е да ги застапува нивните интереси?
Дали средношколците се незаинтересирани или, едноставно, се недоволно информирани за постоењето на ученичко управување? Како и да е, овие резултати обелоденуваат големи пропусти во функционирањето на средношколската унија ако повеќе од 70% од средношколците ниту знаат за нејзиното постоење, ниту учествувале во изборот на нејзините претставници.



**16. Колку внимание обрнуваш на тоа што твојата средношколска унија/твоето ученичко управување го прави?**

Од нашите испитаници, 32.7% воопшто не обрнуваат внимание на средношколската унија, а 30.6% само малку. Тоа се 63.3% средношколци кои се незаинтересирани за единствениот орган чијашто цел е да ги застапува интересите на учениците. Вкупно 23.5% обрнуваат делумно внимание, 13.1% наводно многу, а 4.4% не дале одговор на ова прашање.
Велиме наводно многу, бидејќи и ова прашање донесе парадоксални одговори. Имено, од оние ученици кои пред само две прашања одговорија дека не знаат дали нивното училиште воопшто има средношколска унија, 11.7% навеле дека на работата на средношколската унија обрнуваат многу внимание, а 21.3% обрнуваат делумно внимание.
Интересно е дека кај ова прашање немаше разлики во одговорите на ЛМИ-членовите и останатите испитаници, што се чини нереално споредено со разликите што се јавија кај претходните прашања. Сепак, со оглед на тоа дека ниската стапка на учество во средношколските избори и нивото на свесност за постоењето на средношколски унии утврдени погоре, не се пресликаа во ниска стапка на заинтересираност во одговорите на ова прашање, непостоењето на разлики меѓу ЛМИ-членовите и останатите испитаници е можно да се должи на нереалното оценување на сопствениот интерес од страна на средношколците коишто не се ЛМИ-членови.

**17. Колку мислиш дека учениците во твоето училиште можат да влијаат врз начинот на којшто училиштето е управувано?**

И покрај тоа што не се заинтересирани за средношколската унија, а повеќето и не се свесни за нејзиното постоење, една половина од средношколците (50.1%) сметаат дека учениците можат да влијаат врз начинот на којшто е управувано училиштето.
Останатата половина од учениците - 49.9% не сметаат дека тие или нивните соученици можат да влијаат врз управата на училиштето, односно сметаат дека можат да влијаат само малку.
Разлики во одговарањето на ова прашање забележавме меѓу двете најголеми етнички групи, со тоа што тука Албанците повеќе сметаат дека можат да влијаат врз начинот на којшто е управувано училиштето, во споредба со Македонците. Овие разлики се со мал практичен ефект (d=0.23).
Повторно ЛМИ-членовите отскокнуваат од останатите во одговорите на ова прашање и е поверојатно да веруваат дека можат да имаат влијание. Овие разлики се од мал кон среден ефект (d=0. 33).

# Поддршка од родителите

**18. Ако размислуваш за некои активности што би сакал/а да ги преземеш во иднина, дали сметаш дека твоите родители би те поддржале во повеќето твои одлуки и желби или мислиш дека тие поверојатно би се противеле?**

Одговорите на ова прашање укажуваат на тоа дека средношколците веруваат дека добиваат голема поддршка од своите родители. Така, 64,6% сметаат дека би добиле апсолутна поддршка и уште 24.7% сметаат дека би добиле делумна поддршка од своите

родители. Тоа зборува за добар однос меѓу учениците и нивните родители. Кај ова прашање не утврдивме разлики кога ќе се земат предвид социо-демографските индикатори.

**19. Колку и да се противат, децата на крај се претвораат во своите родители ИЛИ Децата се најчесто чиста спротивност на своите родители**

Меѓу последните прашања во прашалникот што ги соочија средношколците со три екстремни изјави од коишто требаа да ја изберат онаа со којашто повеќе се согласуваат, беа и две прашања што индицираа кои се односите на средношколците со нивните родители. Тука дури 25% од средношколците повторно не избраа ниту еден од ставовите. Од тие што го одговориле прашањето, 61.5% сметаат дека децата повеќе се претвораат во своите родители отколку што стануваат нивна чиста спротивност.
Разлики во одговорите се јавија меѓу двете најзастапени етнички групи, со тоа што Македонците имаат тенденција да сметаат дека е поверојатно децата да се претворат во своите родители, додека Албанците се поделени по ова прашање. Овие разлики се од мал практичен ефект (d=0.26).
Разлики во одговорите на ЛМИ-членовите и останатите испитаници немаше.

**20. Децата ги преземаат ставовите од своите родители ИЛИ Децата сами ги креираат своите ставови**

Кај ова прашање средношколците одговорија со скоро иста поделеност во процентите, но овој пат во спротивна насока. Така, 59.1% од тие што одговорија сметаат дека децата сами ги креираат сопствените ставови, додека 40.9% сметаат дека децата ги преземаат ставовите од своите родители.
Повторно има разлики од мал практичен ефект (d=0.28) во одговорите на Македонците и Албанците, со тоа што тука Македонците беа поналклонети кон првиот став, т.е. да веруваат дека децата сами ги креираат сопствените ставови. Како и кај претходното прашање, разлики во одговорите на ЛМИ-членовите и останатите испитаници нема.
Иако сметавме дека одговорите на овие прашања ќе бидат индикативни на односите на средношколците со нивните родители и ќе влијаат врз начинот на којшто тие размислуваат и одговараат на прашалникот, тие немаа никакво значајно влијание врз нивните одговори.

# Социјална вклученост, можности, слобода

Видовме дека односите со родителите се генерално позитивни и дека децата се чувствуваат поддржани од своите родители. Дали тие сметаат дека им се дадени соодветни можности, дека се слободни и потполно вклучени во општеството во коешто живеат или, пак, одредени групи се чувствуваат послободни, повклучени и попривилегирани од другите?
Дали разочарувачките бројки за граѓанската иницијатива на средношколците се индикатор дека македонските средношколци се на некој начин исклучени од општественото живеење во државата или нивната апатија се должи на нешто друго?



**21. Земајќи предвид во кој град и во кое семејство си роден/а, дали сметаш дека во животот ти биле дадени доволно можности или сметаш дека на другите им било дадено повеќе и имаат поголеми шанси за успех?**

Средношколците од Македонија во најголем број сметаат дека им се пружени доволно можности во животот, резултат малку контрадикторен на нивната досега рапортирана летаргичност и граѓанска невклученост.
Така, 40.2% сметаат дека на нив сè им е пружено и уште 35% сметаат дека за нив има делумно услови. Сепак, не толку мала бројка од 24.5% сметаат дека за нив нема никакви, односно дека има малку услови.
Дали оваа четвртина ученици се разликува некако од останатите? Анализата покажа неколку индикатори на разлики, сите со мал ефект.
Учениците на различна возраст, различно ги ценеа своите можности. Така, помладите сметаат дека имаат повеќе можности од постарите во една буквално линеарна врска меѓу возраста и можностите, каде што со секоја година се намалуваше просекот на оценети можности. Станува збор за значајни но мали разлики, бидејќи во просек учениците повеќе сметаат дека имаат отколку дека немаат можности. Сепак, се чини дека ова е индикатор дека како што стареат, средношколците ги разбиваат илузиите на големите можности што стојат пред нив и уште во средношколските денови развиваат еден циничен поглед на иднината.
Што се однесува до различните етнички групи, интересно е дека во просек Ромите сметаат дека имаат најмногу можности, следени од Бошњаците. „Најисклучени" се чувствуваат Турците и Власите, меѓутоа сите овие разлики се од многу мал ефект.
Од градовите, Штип е на прво место како град со најмногу услови, следни се Скопје и Битола. Најмалку можности гледаат средношколците од Дебар, Велес и од Делчево.

Позитивно е дека нема разлики меѓу учениците и ученичките, како ни меѓу тие што живеат во село и тие што живеат во град. Дополнително, не утврдивме разлики во одговорите на ЛМИ-членовите и останатите испитаници.
Сè на сè, македонските средношколци се задоволни од условите што им се пружени и во просек нема подгрупи што драстично се разликуваат во процената на своите можности и со тоа индицираат социјална исклученост.



**22. Како си поминуваш во средно училиште ?**

Најголемиот број ученици си поминуваат добро во своите училишта - уште еден индикатор дека македонската младина не се чувствува исклучена. Така, 82.8% си поминуваат добро или одлично во училиште, 11.1% имаат измешани чувства, а само 6.1% си поминуваат лошо.
Учениците од Неготино, Албанците и најмладите ученици си поминуваат најдобро, а учениците од Кратово, Бошњаците и најстарите ученици си поминуваат најлошо. Ученичките, исто така, си поминуваат малку подобро од учениците. Разлики не се јавија во одговорите на ЛМИ-членовите, кои во просек одговараа исто како и останатите учесници, како и меѓу учениците од урбаните и од руралните средини.
Покрај перцепцијата за сопствените можности, ова е уште еден индикатор дека македонските средношколци не се чувствуваат многу загрижени, загрозени или незадоволни од нивното секојдневие.

**23. Кое планираш да биде твоето највисоко ЗАВРШЕНО образование?**

Како средношколците ги оценуваат можностите за надообразување и колку долго сметаат (или посакуваат) да останат во образовниот систем?
По ова прашање средношколците се значително амбициозни: 43.4% сметаат дека ќе завршат факултет, 29.3 дека ќе магистрираат, а дури 19.1% дека ќе бидат доктори на науки. Само 16 испитаници од целиот примерок (0.5%) не планираат да го завршат ни средното образование, а 7.7% планираат да останат само со завршено средно образование.
Иако малку наивно (споредено со денешните бројки на дипломиран кадар во државата), за поздрав е ваквото оптимистичко гледање на средношколците за своите перспективи, што е во чист контраст со нивниот скептицизам да имаат каков било удел во колективното живеење. Ова укажува дека средношколците го ценат образованието и дека, најверојатно, сметаат дека со поголемо образование ги зголемуваат сопствените можности за напредок.
Што се однесува до разликите меѓу различните подгрупи, најоптимисти и со највисоки идеали се Албанците и Власите, кои во просек планираат да бидат магистри на науки, а најпесимисти се Ромите и Бошњаците, кои би останале „само" на факултет.
Од градовите, средношколците во Струмица и во Неготино се најнеамбициозни, по нив следуваат Дебар и Ресен, па Гевгелија и Кратово.
Делчево и Велес се претпоследни пред најамбициозните средношколци кои доаѓаат од Струга, Штип, Кичево, Битола и на петто место во најамбициозната група е Скопје.
Девојките и средношколците од урбаните средини, исто така, се малку но, сепак, значајно поамбициозни од нивните машки соученици и од соучениците од село, последователно.
Интересно е дека ЛМИ-членовите се разликуваат од останатите во одговорите на ова прашање во можеби неочекувана насока, со тоа што нивните планови за понатамошно образование се помалку амбициозни од оние забележани кај останатите средношколци, или само пореални од останатите средношколци. Овие разлики се од речиси среден практичен ефект (d=0.41).



**24. Колку сметаш дека одлуките што ги носат властите влијаат на твојот секојдневен живот?**

Видовме дека средношколците не веруваат дека можат да влијаат врз проблемите во своите градови или врз работата на властите, но дали ова важи и обратно, односно дали работата на властите влијае врз животите на средношколците? Колку е исклученоста реципроцитетна, односно колку средношколците се имуни на одлуките што ги носат властите, т.е. колку нивните животи се незасегнати и „исклучени" од работата на водечките институции?
Интересно, на прашањето: *„Колку сметаш дека одлуките кои ги носат властите влијаат на твојот секојдневен живот?"*, 14.8% од средношколците изјавиле дека воопшто не се засегнати од работата на властите, а дополнителни 20.4% сметаат дека властите имаат мало влијание на нивниот секојдневен живот. Тоа, кумулативно, се повеќе од една третина средношколци кои сметаат дека за нив е ирелевантно што работат властите.
По една третина од учениците сметаат дека властите имаат делумно (35.5%), односно големо влијание (29.3%), а 2.2% не одговориле на прашањето.
Од градовите, најнезасегнати се средношколците од Струга и од Дебар, а најзасегнати оние од Струмица и од Штип.
Кај ова прашање голема улога игра и етничката припадност на испитаниците. Албанците се значајно понезасегнати од другите, особено од Власите и од Македонците, коишто се најзасегнати од работата на властите. Ова е еден потенцијален индикатор на можна социјална исклученост на албанските средношколци или навистина најголем дел од одлуките што се носат не се однесуваат директно на младите од албанската заедница.
И средношколците од село сметаат дека властите имаат помало влијание врз нивниот живот од тие што живеат во град, а и средношколците се порамнодушни на работењето на властите од средношколките. Овие последни две разлики, меѓутоа, статистички сигнификантно не го преминуваат прагот на мал практичен ефект, што значи дека тие се минимални.
Разлики во одговорите на ЛМИ-членовите и останатите испитаници немаше.

**25. Генерално, доколку можеш да избереш, каде би сакал/а да работиш и да градиш кариера?**

Како средношколците го оценуваат пазарот на трудот во Македонија? Каде тие би сакале да работат и да градат кариера? На ова прашање тие можеа да бираат меѓу државна, односно јавна администрација, бизнис-сектор, невладин сектор, да наведат дека, доколку би имале услови, не би сакале да работат и да градат кариера или сами да наведат друг сектор во којшто тие би сакале да работат и да градат кариера.
Средношколците најчесто ги бираат државниот сектор (37.4%) и бизнис-секторот (34.8%), при што разликите во процентите со коишто се бирани овие одговори се статистички несигнификантни. Невладиниот, односно непрофитен сектор е значајно помалку интересен за средношколците (10.8%), додека 6.7% би избрале воопшто да не работат доколку за тоа имаат услови. Само 2.6% решиле да не одговорат на прашањето, а 7.6% избрале сами да наведат каде сакаат да работат, најчесто бирајќи професија (наместо сектор) која може да се работи во повеќе сектори (на пример: доктор).
Интересно е дека девојките го претпочитаат државниот сектор пред бизнис-секторот (40.9% наспроти 31.7%), додека момчињата бираат обратно (40.8% наспроти 35.4%). Девојките, исто така, почесто би работеле во невладин/непрофитен сектор од

момчињата (13.9% наспроти 7.7%). Единствена сличност во одговорите се јави кај опцијата да не работат кога за тоа би имале услови, каде што 7.6% од момчињата и 6.3% од девојките би се одлучиле да не влезат на пазарот на трудот.
И местото на живеење имаше влијание врз одговорите, па така средношколците од руралните средини во поголем процент би избрале да не работат, во споредба со нивните соученици кои живеат во град (11.1% наспроти 5.2%).
Државната администрација е најпопуларна во Кратово (50.8%), Дебар (45.5%) и Битола (44.4%), а најмалку атрактивна во Гевгелија (25.2%), Струмица (33.2%) и Ресен (34.0%).
Невладиниот сектор е најпопуларен во Кичево (17.2%), Струга (14.1%) и Неготино (13.4%), а најретко е биран во Гевгелија (3.3%), Кратово (6.6%) и Битола (8.7%).
Бизнис-секторот е најатрактивен за младите во Гевгелија - со 53.7%, па Делчево - со 42.7% и Струмица - со 41.2%.
Кога би имале услови за тоа, најмалку би работеле средношколците од Струмица - со 12.3%, од Неготино - со 10.3% и од Ресен - со 10.0%. Оваа опција е најмалку атрактивна за средношколците во Делчево - со 2.4%, Дебарчани - со 5.2% и Кратово и Кичево - со 6.6%.
Разлики во одговорите меѓу ЛМИ-членовите и останатите средношколци се јавија во фреквенцијата на бирање на бизнис-секторот (каде што 43% од ЛМИ-членовите би го избрале овој сектор, наспроти 35.5% од останатите), како и во тоа што ЛМИ-членовите значително поретко одговарале со «друго».




Додека преференците за државен и за бизнис-сектор се речиси еднакви кај Македонците (37.5% наспроти 38.1% последователно), Албанците и Турците значајно почесто го бираат државниот сектор (41.8% наспроти 28.7% и 46.8% наспроти 28.1% последователно). Албанците, исто така, многу почесто од Македонците го бираат невладиниот сектор како идеално работно место (14.5% наспроти 9.8%).
Само за илустрација, 64.7% од оние што избрале дека сакаат да работат во државен сектор не веруваат дека властите работат за доброто на градот и 77.1% повеќе се согласуваат дека државата е водена од малкумина со големи интереси коишто си гледаат само за себе, отколку дека државата работи за доброто на сите.
Од друга страна, 49.8% од тие што избрале невладин сектор не веруваат дека невладините организации работат за доброто на градот и само половина - 51.3% сметаат дека невладините организации работат за доброто на сите. Се чини дека мотивите за преференците на средношколците не лежат во нивната доверба во секторите што ги избрале.



**26. Каде се гледаш себеси за десет години?**

Миграцијата и желбата за миграција се фактори рапортирани во литературата за социјална исклученост. Каде се гледаат средношколците од Македонија за десет години? Дали има голема интенција за внатрешна и за надворешна миграција во наредните десет години?
Од нашите испитаници, 38.3% се или задоволни со своето место на живеење или не гледаат начин да излезат од него, односно за десет години се гледаат себеси во градот во којшто живеат.
Дополнителни 15.9% се гледаат некаде во државата, но не во местото во коешто живеат.
Останатите 45.5%, загрижувачки, за десет години не се гледаат себеси во Република Македонија. Ако се исполнат желбите на денешните средношколци, на нашата држава и се заканува „braindrain" од масовни пропорции.
Како се разликуваат одговорите на различните подгрупи по ова прашање? Кој се гледа најблиску до градот во којшто живее, а кој што подалеку?
Анализата покажа разлики речиси по сите параметри.
Прво, средношколките помалку се гледаат себеси во градот во којшто живеат отколку нивните машки соученици. Само 34.4% од девојките, во споредба со 42.8% од машките, се гледаат себеси во својот град. Дали е ова прв индикатор дека девојките имаат помалку можности во Македонија или станува збор само за поголем авантуристички дух?
Различните етнички групи, исто така, се разликуваат по ова прашање: Турците, Албанците и Србите најчесто се гледаат во градовите во коишто живеат, додека Власите, Ромите и Бошњаците најчесто се гледаат надвор. Ова е особено точно за Ромите и за Власите, меѓу коишто помалку од четвртина од средношколците се гледаат во градот во којшто живеат и повеќе од половина се гледаат надвор од државата. Македонците се точно на средината меѓу овие крајности но, споредени со Албанците, се значајно понаклонети кон напуштање на државата.
Од градовите, Струмица, Дебар и Скопје се градови во коишто средношколците најчесто бирале дека ќе останат, додека средношколците најмногу одговарале дека би ги напуштиле Делчево, Велес и Штип. За потсетување - Делчево и Велес се најдоа и на листата на градови во коишто средношколците сметаа дека имаат најмалку можности, па желбата за напуштање на овие градови не е чудна. Од друга страна, иронично, Штип беше град со најмногу услови но, сепак, средношколците за десет години најмалку се гледаат во него, што е уште еден индикатор за контрадикторното одговарање на некои од средношколците. Тоа е потврдено и со малата корелација меѓу проценетите можности на средношколците и нивната желба да го напуштат градот во којшто живеат ($r = -0.041$), што не го преминува прагот на практичен ефект. Ова значи дека, спротивно од очекувањата, желбата да се напушти или да се остане во родното место не зависи од можностите што средношколците ги уживаат во градовите во коишто живеат.




Интересно е и дека учениците од село почесто се гледаат во местото во коешто живеат отколку нивните соученици коишто живеат во град. Дали, како што веќе споменавме, тоа се должи на нивното задоволство со местото во коешто живеат или на нивната недоверба во можностите да го напуштат истото, е прашање за наредни истражувања. Членовите на ЛМИ-клубовите не се разликуваат од просекот кога станува збор за прашањето дали би ја напуштиле државата, па така 45,3% се гледаат себеси надвор од Македонија за десет години. На значајни разлики наидовме кога станува збор за внатрешната миграција, т.е. членовите на ЛМИ-клубовите се разликуваат од останатите со тоа што поголем процент од нив би се преселиле во друг град во државата (30,9% ја избрале оваа опција, споредено со просекот на примерокот од 16,3%). Сепак, овие резултати не ја даваат вистинската слика, бидејќи во примерокот немаше ЛМИ-членови од Скопје, којшто очекувано се јави меѓу градовите каде што учениците повеќе би избрале да останат. За да го испитаме ова, од примерокот ги исклучивме испитаниците од Скопје, што доведе до зголемување на процентот на оние коишто би се преселиле во друг град во Македонија до 24.3% од страна на средношколците коишто не живеат во Скопје. Сепак, и покрај исклучувањето на Скопјаните, бројката на ЛМИ-членови што се решиле на внатрешна миграција повторно статистички отскокнува од просекот, но практично само околу 5%.

# Вонучилишни активности

**27. Кои од следниве активности си ги посетувал/а?**

За да испитаме колку средношколците се инволвирани во вонучилишни активности, ги прашавме во какви активности учествуваат во слободно време. Во прашањето беа дадени 13 можни вонучилишни активности, од коишто учениците требаа да ги обележат сите во коишто учествуваат, со можност да допишат активност што прашањето не ја набројува. Резултатите покажуваат дека само многу мал број (2.1%) на средношколци воопшто не учествува во вонучилишни активности. Најголемиот дел од испитаниците (30.8%) учествуваат во само една активност, а најчесто пријавени активности се членство во спортски клубови и фитнес-центри и учење странски јазици. Средношколците најмалку ги интересира да учествуваат во симулација на работата на Обединетите нации, како и новинарството и новите медиуми.

# Религија

**28. Колку често одиш во црква, во џамија или во друг верски објект?**

Ако фреквенцијата на посетување верски објекти се земе како индикатор за религиозност, резултатите од нашето истражување покажаа дека Србите, Власите и Македонците се најмалку религиозни (во просек посетуваат верски објект само за празници), Турците и Албанците најмногу (во просек посетуваат верски објект еднаш до два пати месечно).
Една од опциите дадени како одговор на ова прашање беше „Никогаш, не сум религиозен/на". Овој одговор го избрале 5.2% од Македонците и 8% од Албанците, а најмалку се јавува кај Турците - со 1.4% (само еден од вкупно 74 испитаници).
За разлика од ова, Албанците со високи 37.2% најмногу од сите бирале дека посетуваат верски објект најмалку еднаш неделно. Не се далеку ни Турците - со 35.1%, додека кај Македонците оваа бројка е 8.9%.
Сите етнички групи најчесто одговараа дека верски објекти посетуваат само за празници: 57% од Македонците, 38.6% од Албанците и 39.2% од Турците.
Ако ги погледнеме одговорите на испитаниците според градовите каде што се спроведуваше истражувањето, најмногу нерелигиозни испитаници имаше во Делчево - со 12.8% и Струмица - со 12.1%, а најмалку во Битола (2.8%) и Дебар (2.6%). Во Скопје, Дебар и Струга е најголем бројот на верници коишто најмалку еднаш неделно посетуваат верски објект и кај сите овая бројка е над 20%.
Интересно е дека испитаниците од руралните средини почесто посетуваат верски објекти, со тоа што како расте големината на местото на живеење, така опаѓа фреквенцијата на посетување верски објекти. Сепак, оваа корелација е од мал ефект (r = 0.13).
Членовите на ЛМИ-клубовите во просек одговараа исто како и останатите, така што разлики кај ова прашање не постојат.

# Проблеми и интереси

Кои се најголемите проблеми со коишто се соочуваат средношколците во Македонија и колку тие нив ги загрижуваат?

**29. Кој е НАЈГОЛЕМИОТ ПРОБЛЕМ во твојот град којшто сакаш да го видиш решен што побргу?**

Во првото прашање на прашалникот ги замоливме средношколците да изберат еден од дванаесетте понудени проблеми, често набројувани како најголем проблем во

градот во којшто живеат, или самите да наведат проблем што сметаат дека е најголем. Резултатите покажаа дека како најголем проблем средношколците најчесто (19.8%) ги избирале економијата и недостатокот од работни места. По ова следуваат алкохолизмот и наркоманијата - со 17.9% и насилството и криминалот - со 16.7%. Чистотата и животната средина беа проблем број четири - со 12.9%, а инфраструктурата на градот на петтото место - со 8.6% од гласовите. Останатите проблеми беа бирани со мали фреквенции (под 5%).

**Најголеми проблеми во градот**




Оваа тројка на проблеми (економија, зависности и насилство и криминал) се провлекува во одговорите на сите групи, само понекогаш во различен редослед. На пример, додека девојките многу почесто ја бираат економијата од машките и за нив таа, со 23.4%, е на високо прво место, кај машките испитаници алкохолизмот и наркоманијата се поголем проблем и со 20.7% на првото место (наспроти 16.7% од девојките кои го избрале ова како најголем проблем).
Ако ги разгледаме одговорите по градови, економијата и недостатокот на работни места најчесто е биран како најголем проблем, и тоа во Кратово (37.5%), Дебар (37.2%), Битола (28%), Делчево (28%), Велес (27.4%), Струмица (24.6%) и Кичево (21.9%). Алкохолизмот и наркоманијата се најголеми проблеми во Гевгелија (32.3%) и Ресен (20.8%), насилството и криминалот се најголема грижа на Скопјани (26.6%) и Штипјани (18.3%), додека во Неготино (30.3%) и Струга (21.3%) најголем проблем е чистотата.
Во руралните средини најголем проблем е алкохолизмот и наркоманијата (20.9%), додека во урбаните средини преовладува економијата и недостатокот на работни места со 20.4%.
Слично и како кај останатите испитаници, членовите на ЛМИ-клубовите најчесто ги бираат економијата и недостатокот на работни места, со тоа што со 28.8% отскокнуваат од просекот во фреквенцијата на бирање на овој проблем. Кај нив интересно е да се забележи дека на второ место е инфраструктурата, која не се најде во првите три најприоритетни проблеми кај вкупниот примерок.

**30. Кога растеше, колку често со твоите дома разговаравте за локалните проблеми и за актуелните настани во твојот град?**

Дали овие проблеми се често дискутирани во семејствата на нашите средношколци? На прашањето: *„Кога растеше, колку често со твоите дома разговаравте за локалните проблеми и за актуелните настани во твојот град?“* најчестиот одговор е: „Понекогаш“, со 43.5%. Речиси една третина од средношколците (29.9%) често зборуваат за проблемите со нивните родители, а 26.6% ретко или никогаш. Ова покажува дека средношколците, сепак, зборуваат за проблемите - резултати кои се во контраст со покажаната незаинтересираност и неодговорност кога станува збор за проблемите во градот во којшто живеат средношколците.
Меѓу ЛМИ-членовите и останатите нема разлики. Исто така, нема разлики и меѓу етничките групи, ниту, пак, разлики има во зависност од местото на живеење – испитаниците од руралните и од урбаните средини давале слични одговори.

**31. Подолу се наброени некои проблеми кои други млади на твоја возраст ги наброија како работи за кои се загрижени. Те молиме, по пат на обележување, секој од нив да го рангираш на скала од 1 до 5 - каде 1 значи дека ти воопшто не се грижиш за тој проблем, а 5 значи дека многу си загрижен/а.**

Колку реално средношколците се загрижени за проблемите во нивните локални заедници? Од испитаниците побаравме да оценат колку овие проблеми лично ги засегаат - на скала од 1 до 5, каде еден значи дека воопшто не се загрижени, а пет значи дека се многу загрижени. Проблемите дадени во ова прашање беа истите кои беа понудени под прашање број 29, и тоа: Пристап до квалитетно здравство (M = 4.3304); Чиста околина (M = 4.0864); Невработеност и слаба економија (M = 4.0512); Пристап до квалитетно образование (M = 4.0462); Сексуално преносливи болести: како HIV, HPV и слично (M = 4.0114); Наркоманија и алкохолизам (M = 4.0063); Лична слободна и права на граѓаните (M = 3.8871); Бременост на средношколки и абортус (M = 3.7233); Недостаток од културни/забавни настани (M = 3.6379); Дискриминација и предрасуди (M = 3.6173); Слаба инфраструктура (патишта, водовод, канализација) (M = 3.4759); Меѓуетничка нетолеранција (M = 3.4569); Корупција (M = 3.4537); и Нетранспарентност и немање пристап до информации (M = 3.2503).
Иако тука проблемите се рангирани од оној кој најмногу ги загрижува до оној за кој најмалку се грижат, разликите во средните вредности се премногу мали за оваа листа да се земе здраво за готово.
Првите 6 проблеми особено многу ги загрижуваат средношколците, со средна вредност над 4. И останатите проблеми се со просек над 3 (амбивалентен одговор), со тоа што овие резултати укажуваат на тоа дека споредено со останатите проблеми, средношколците не се многу загрижени за нетранспарентноста, корупцијата и меѓуетничката нетолеранција.
Ако ги споредиме одговорите на членовите на ЛМИ-клубовите со останатите испитаници, имаме разлики од мал ефект, со тоа што ЛМИ-членовите покажуваат поголема загриженост за нетранспарентноста (d = 0.30), а помала грижа за недостатокот од настани од културата (d = 0.32).
Етничката припадност кај најголем дел од проблемите не придонесува за значителни разлики. Тука отстапки има кај Албанците кои се истакнуваат со својата загриженост за лошата инфраструктура и, заедно со Ромите, за дискриминацијата и за предрасудите. Ромите, пак, се издвојуваат со тоа што повеќе им се важни нетранспарентноста и недостатокот на пристап до информации.

# Интереси

**32. Колку често следиш вести на следниве теми:......?**

За да утврдиме што најмногу ги интересира средношколците, ги прашавме да оценат колку често (постојано, често, понекогаш, ретко, никогаш) следат вести на следниве теми: религија, забава, спорт, компјутери и информатика, култура, политика и сервисни информации. Кога ги рангиравме одговорите на учениците, на прво место се најде забавата, која испитаниците во просек често ја следат, по што следуваа информациите за компјутери и за информатика, кои во просек се следат помеѓу често и понекогаш. Последни на листата се информациите за политичките случувања, кои учениците во просек ретко ги следат.
Во зависност од етничката припадност, овде испитаниците на прашањата одговарале речиси исто. Разлики постојат само кај религијата, каде што Србите и Македонците следат најмалку, додека Албанците и Турците следат најмногу. Разликата меѓу Албанците и Македонците е статистички сигнификантна со среден ефект (d = 0.50).
Разлики постојат и во зависност од местото на живеење, со тоа што средношколците од руралните средини повеќе следат религија. По градови, исто така, одговорите се разликуваат само за религијата, со тоа што таа најмногу се следи во Дебар и во Ресен, а најмалку во Струмица.
На разлики наидовме и кога се контролираше полот на испитаниците. Девојките во просек повеќе следат забава (со мал кон среден ефект од d = 0.28), додека машките испитаници повеќе следат спорт (со речиси голем ефект од d = 0.76), компјутери (со мал кон среден ефект од d = 0.33) и политика (со мал кон среден ефект од d = 0.30). Кај другите теми иако има разлики во одговорите, тие немаат практичен ефект.
ЛМИ-членовите од останатите испитаници се разликуваат по тоа што почесто следат сервисни информации (разликите се со речиси среден ефект од d = 0.44) и политика (разликите се со мал кон среден ефект од d=0.39).

# Скептицизам / цинизам / доверба

Веќе видовме дека околу една третина од средношколците сметаат дека е подобро да молчат доколку не се согласуваат со своите професори. Исто така, видовме дека една третина од средношколците сметаат дека властите не влијаат врз нивниот живот, а 70% сметаат дека малку или воопшто не можат да влијаат врз тоа како работат властите.
Дали овие индикатори на недоверба се присутни и кај другите јавни институции или средношколците претежно му веруваат на системот?

**33. Според тебе, колку училиштето е важно за животот?**

Само 6.3% од средношколците кога беа прашани: „Колку училиштето е важно за животот"?, сметаат дека училиштето малку е важно, односно воопшто не е важно за животот. Останатите 93.7% сметаат дека тоа е важно, 76% дури дека е многу важно. Со ова учениците покажуваат голема доверба во образовнието како институција, нешто што се покажа и со нивната амбиција да достигнат високи академски нивоа.
Значителни разлики утврдивме само во зависност од градот во кој живеат испитаниците, при што во Ресен и во Струмица, во просек, помалку се цени важноста на образованието, додека во Гевгелија и во Дебар, во просек, се цени најмногу. Етничката припадност не придонесе за разлики во одговорите, а разлики не најдовме ни врз основа на пол и на ЛМИ-членство.

**34. Колку веруваш дека локалната власт работи за доброто на градот?**

Кога станува збор за доверба во локалните власти, средношколците покажаа голема скептичност. Дури 40.6% од средношколците воопшто не им веруваат на локалните власти, а 30.6% се изјасниле дека им веруваат само малку. Помалку од третина од средношколците (28.3%) имаат делумно или многу доверба во управувачите со градовите во кои тие живеат. Овие резултати се провлекуваат во сите подгрупи, па разлики врз основа на етничка припадност, ЛМИ-членство и пол не беа забележани.
Ако ги разгледаме одговорите по градови, средношколците од Струга најмалку веруваат во локалната власт, со тоа што тука дури 61.5% одговориле дека воопшто не веруваат, а средната вредност на одговорите е M = 0.65. Следуваат Гевгелија (M=0,88) и Скопје (M=0,92). Во споредба со другите градови, средношколците од Струмица имаат најмногу доверба во локалната власт (M=1.49), но и покрај тоа се поделени во одговарањето, со тоа што најголем дел од нив (26.7%) одговориле дека делумно веруваат. Останати градови каде довербата е висока се Ресен (M=1,26) и Битола (M=1,16). Стандардната девијација на овие резултати е 0.99.

**35. Колку им веруваш на невладините/непрофитните организации дека работат за доброто на градот?**

Ни невладините, односно непрофитни организации не котираат најдобро. Иако 40.2% од средношколците имаат доверба во невладините/непрофитни организации, а процентот на средношколци кои малку, односно воопшто не им верува на невладините организации се намалува за 10% во споредба со локалните власти, сепак, дури 59.8% од испитаниците се изјасниле дека не им веруваат на овие организации.
Кај ова прашање повторно имаше разлики меѓу градовите: во Струга повторно најмалку веруваат (во просек делумно веруваат со M = 1.0), а во Ресен е забележана најголема доверба во невладините организации (M = 1.6). Мала разлика со мал практичен ефект има меѓу испитаниците од руралните и од урбаните средини, каде што оние од урбаните средини повеќе им веруваат на невладините организации. Разлики, исто така, има и во одговорите на членовите на ЛМИ-клубовите, кои повеќе им веруваат на невладините организации од останатите испитаници. Овие разлики се со речиси голем ефект (d = 0.74). Кај ова прашање немаше разлики врз основа на етничка припадност и пол.

**36. Според тебе, колку мислиш дека избраните локални функционери (градоначалник, советници во општината) се грижат за МЛАДИТЕ и за нивните потреби?**

Кога прашањето за довербата во локалните власти се однесува на личностите кои ги водат институциите (функционери) и кога станува збор, конкретно, за тоа дали тие се грижат за младите и за нивните проблеми, бројките остануваат непроменети. Сè уште, повеќе од две третини (68.4%) немаат доверба во функционерите, додека помалку од една третина (31.6%) веруваат дека властите, сепак, се грижат за потребите на младите.




Ако ги погледнеме градовите, повторно во Струмица е пријавена најголема доверба (M = 1.70) и повторно во Струга е пријавена најмала (M = 0.78). Во Струмица, 29,6% многу им веруваат, додека во Струга дури 55,6% воопшто не им веруваат на функционерите. Етничката припадност и големината на местото на живеење повторно не беа фактори во одговорите, а тука и членовите на ЛМИ-клубовите не се разликуваат во одговорите од останатите испитаници.

**37. Рангирај ги следниве институции/организации според довербата што ја имаш во нив. Означи ги со 5 оние во коишто имаш најмногу, а со 1 оние во коишто имаш најмалку доверба.**

Кога од средношколците побаравме да оценат колку им веруваат на институциите поединечно, конзистентно со претходните одговори образовниот сектор доби најмногу доверба, додека локалните власти се претпоследни на листата.
Во ова рангирање средношколците не беа толку скептични како во претходните прашања што мереа доверба и во просек ниту им веруваа ниту не им веруваа на следниве институции: Образовен сектор, вклучувајќи училишта (M = 3.58); Меѓународни организации (M = 3.24); Здравствен сектор, вклучувајќи болници и амбуланти (M = 3.19); Невладини организации (M = 3.18); Полиција (M = 3.04); Јавни медиуми (M = 2.97); Судство (M = 2.93); Државна изборна комисија (M = 2.89); Локални/општински власти (M = 2.80); и Царински сектор (M = 2.65).
Интересно е дека овој тренд на намалена скептичност се појавува на првото прашање каде што амбивалентната, т.е. средната или неутрална опција беше дозволена. На сите други прашања, средношколците мораа да изберат насока, но овојпат имаа и средна - неутрална опција и тие масовно ја користеа: по скоро сите прашања таа беше најчесто бирана опција. Интересно е и дека оваа опција, иако многу користена, не го намали бројот на средношколци кои решиле да не ги рангираат институциите. Оваа бројка се движеше меѓу седум и осум проценти.
Сè на сè, средношколците се амбивалентни и поделени во одговорите, што повторно укажува кон една рамнодушност кон системот и општеството во коешто живеат. Оваа рамнодушност е карактеристична за сите етнички групи што не покажаа разлики во одговорите на ова прашање.



Ако ги погледнеме разликите во одговорите кај учениците од руралните и од урбаните средини, забележуваме дека оние од руралните средини во просек помалку имаат доверба во здравството, образованието, царинската управа, полицијата и ДИК, со тоа што овие разлики се со мал ефект (во просек d = 0.27).
Ако ги разгледаме одговорите по градовите каде што беше спроведено истражувањето, разлики во довербата на средношколците немаше за полицијата, Државната изборна комисија, јавните медиуми и невладините организации.
За останатите институции ги забележавме следниве разлики:
На здравствениот сектор најмногу му веруваат во Неготино (M = 3.69), а најмалку во Битола (M = 2.89).
На образовниот систем најмногу му веруваат во Неготино (M = 3.97), а најмалку во Струмица (M = 3.30).
На судството најмногу му веруваат во Ресен (M = 3.34), а најмалку во Кичево (M = 2.72).
На царинскиот сектор најмногу му веруваат во Неготино (M = 2.91), а најмалку во Кратово (M = 2.32)
На меѓународните организации најмногу им веруваат во Неготино (M = 3.46), а најмалку во Ресен (M = 2.82).
На локалните власти најмногу им веруваат во Струмица (M = 3.29), а најмалку во Ресен (M = 2.50).
Разлики во одговорите на испитаниците по пол се јавија само кај полицијата и судството, при што кај девојките има тенденција повеќе да им веруваат. Разликите се од мал ефект (d = 0.22).
ЛМИ-членовите се разликуваат од останатите испитаници со помала доверба во царинската управа (разликите се со мал накај среден ефект, d = 0.33) и во судството (разликите се со мал ефект d = 0.24). Поголема доверба од останатите имаат единствено во меѓународните организации, каде што разликите се со мал ефект (d = 0.29).

**38. Колку сметаш дека активностите спроведени од невладините/ непрофитните организациии влијаат врз твојот секојдневен живот?**

Бројките за влијанието на невладините и непрофитните организации врз животот на средношколците во Македонија се конзистентни со веќе евидентираниот цинизам на средношколците. Речиси 60% сметаат дека активностите на невладините организации малку односно воопшто не влијаат врз нивниот живот, 28.8% сметаат дека организациите имаат делумно влијание и само 13.8% сметаат дека тие имаат големо влијание.
Од градовите во коишто беше спроведено истражувањето, Струга се јавува како град каде што учениците најмалку сметаат дека имаат влијание (со средна вредност од M = 1.16, во просек веруваат дека имаат мало влијание), додека во Струмица сметаат дека тие имаат најголемо влијание (со M = 1.73 средна вредност, во просек сметаат дека делумно влијаат). Во Струга, најголемиот процент (33.2%) сметаат дека работата на невладиниот сектор воопшто нема влијание.
Кај ова прашање, етничката припадност, големината на местото на живеење и полот на испитаниците не придонесоа кон разлики во одговорите. Разлики беа забележани во одговорите на членовите на ЛМИ-клубовите, кои со средна вредност од M = 1.69, во просек повеќе сметаат дека невладините организации имаат влијание врз нивниот секојдневен живот. Овие разлики се од мал кон среден ефект (d = 0.40).
Цинизмот низ литературата за граѓанско учество е прикажан како корелат на ниско граѓанско учество. Последните прашања од оваа анализа се однесуваат токму на цинизмот.

**39. Државата е водена од малкумина со големи интереси кои си гледаат само за себе ИЛИ Државата работи за доброто на сите**

Втората група контрастни прашања меѓу коишто средношколците требаше да го изберат ставот со којшто повеќе се согласуваат, имаше за цел да ја измери нивната доверба во искреното работење на државата. Резултатите од ова прашање покажаа голем степен на цинизам кај средношколците, па дури 77% од тие што одговориле избрале дека државата е водена од малкумина кои гледаат само за себе. Цели 16.6% од испитаниците решиле да не одговорат на ова прашање.
Иако мнозинството го избрале циничниот став за работата на државата, сепак имаше значителни разлики меѓу градовите. Така, во Гевгелија дури 91.5% сметаат дека државата е водена од малкумина кои си гледаат само за себе, додека во Дебар, каде што во споредба со другите градови најмалку го бирале овој одговор, сепак имаме висок процент на циници од дури 61.5%.
Кај ова прашање повторно нема разлики во одговорите во зависност од етничката припадност, местото на живеење, ЛМИ-членството и полот на учениците.







**40. Невладините организации се водени од малкумина со големи интереси кои си гледаат само за себе ИЛИ Невладините организации работат за доброто на сите**

И кај невладиниот сектор имаме висок степен на цинизам, иако доста помал во споредба со претходното прашање. Тука средношколците се буквално поделени, со тоа што 47.9% од испитаниците кои одговориле на прашањето се со циничен став кон работата на невладиниот сектор. Овде високи 17.9% одбрале да не одговорат на прашањето.
Како и кај претходното прашање, повторно нема разлики во одговорите врз основа на етничката припадност, големината на местото на живеење и родот на испитаниците. Разлики меѓу одговорите од различните градови исто така немаше. Како што можеше да се очекува од одговорите на другите прашања што се однесуваа на невладиниот сектор, и тука членовите на ЛМИ-клубовите се разликуваат од останатите испитаници, со тоа што почесто одговарале дека невладините организации работат за доброто на сите. Овие разлики се од среден кон голем ефект (d = 0.65), со тоа што над три четвртини (76.1%) од ЛМИ-членовите го бирале овој одговор, споредено со 51% од останатите испитаници.



**41. Кога би имале можност, повеќето луѓе би ги искористувале другите ИЛИ Повеќето луѓе се фер во односите со другите;**

**42. Кога би имале шанса повеќето луѓе би пробале да ме искористат ИЛИ Повеќето луѓе се фер со мене**

Како котира цинизмот кога не станува збор за институции, туку за луѓето воопшто? Шокантни 76% од оние средношколци коишто одговориле на ова прашање сметаат дека, кога би имале можности, луѓето би ги искористувале другите! Значи недовербата на средношколците не завршува со владините институции, туку се јавува и на индивидуално ниво.
Сепак, дури една четвртина од испитаниците не можеле да се решат за ниту еден од овие два става и не одговориле на прашањето.
На разлики во одговорите на учениците наидовме кога го контролиравме местото на живеење, со тоа што резултатите покажуваат дека испитаниците од руралните средини се помалку скептични по ова прашање. Иако и кај нив преовладува скептичноста, сепак има значителни разлики во одговорите, па така од учениците од руралните средини скептици се 65.7%, споредено со 80.6% од учениците коишто живеат во урбани средини.
Етничката припадност и градот каде што е спроведено истражувањето не беа фактори во одговарањето на средношколците. На разлики повторно наидовме во одговорите на членовите на ЛМИ-клубовите, кои со 87% го бирале првиот став и со тоа во просек се поскептични од останатите испитаници. Овие разлики се со мал практичен ефект (d=0.34).
Кога прашањето за довербата во луѓето е формулирано директно до средношколците и кога тие треба да оценат дали луѓето би пробале директно да ги искористат или би постапувале фер со нив, цинизмот опаѓа. Мислењата се повторно поделени, при што 51.5% сепак сметаат дека доколку им е дадена прилика, повеќето луѓе би пробале да ги искористат.

# Литература


Barber, B.L., Eccles, J.S., & Stone, M.R. (2001). Whatever happened to the Jock, the Brain, and the Princes? Young adult pathways linked to adolescent activity involvement and social identity. *Journal of Adolescent Research, 16*, 429-455. Quoted in Fredricks, J. A. and Eccles, J. S. (2010), Breadth of Extracurricular Participation and Adolescent Adjustment Among African-American and European-American Youth. *Journal of Research on Adolescence, 20*, 307–333.

Bauman, Zygmunt (2001). *The Individualised Society*. Cambridge: Polit. Quoted in Harris, A., Wyn, J., &Youness, S. (2010). Beyond apathetic or activist youth : 'Ordinary' young people and contemporary forms of participation.*Nordic Journal of Youth Research (YOUNG), 18:1,* 9-32.

Beck, Ulrich and Beck-Gernsheim, Elisabeth (2001) Individualization. London: Sage. Quoted in Harris, A., Wyn, J., &Youness, S. (2010). Beyond apathetic or activist youth : 'Ordinary' young people and contemporary forms of participation.*Nordic Journal of Youth Research (YOUNG), 18:1,* 9-32.

Becker, P. E., & Dhingra, P. H. (2001). Religious involvement and volunteering: Implications for civil society. *Sociology of Religion, 62*, 315-335. Quoted in Caputo, Richard K. (2008) Religious Capital and Intergenerational Transmission of Volunteering as Correlates of Civic Engagement. *Nonprofit and Voluntary Sector Quarterly, 2009 38,* 982-1002.

Blais, A., Gidengil, E., & Nevitte, N. (2004). Where does turnout decline come from? *European Journal of Political Research, 43(2),* 221-236. Quoted in Dejaeghere, Y., & Hooghe, M. (2009). Brief report: Citizenship concepts among adolescents. Evidence from a survey among Belgian 16-year olds. *Journal of Adolescence, 32 (2009),* 723-732.

Byrne Fields, Alison. (2001). *The Youth Challenge: Participating in Democracy*. New York: Carnegie Corporation of New York. Quoted in Jois, G.U., Toppe, C.M. (2006). Civic Engagement Among American Youth: Research, Activism, and Democracy.*Center for Information and Research on Civic Learning and Engagement (CIRCLE).*

Caputo, Richard K. (2008). Religious Capital and Intergenerational Transmission of Volunteering as Correlates of Civic Engagement. *Nonprofit and Voluntary Sector Quarterly, 2009 38,* 982-1002.

Cohen, E. F. (2005). Neither seen nor heard: children's citizenship in contemporary democracies. *Citizenship Studies, 9(2),* 221-240. Quoted in Dejaeghere, Y., &Hooghe, M. (2009). Brief report: Citizenship concepts among adolescents. Evidence from a survey among Belgian 16-year olds. *Journal of Adolescence, 32 (2009),* 723-732.

Dejaeghere, Y., &Hooghe, M. (2009). Brief report: Citizenship concepts among adolescents. Evidence from a survey among Belgian 16-year olds. *Journal of Adolescence, 32 (2009),* 723-732.

European Commission. (2001). *A New Impetus for European Youth*, European Commission White Paper, COM (2001) 681 final, Brussels.

Faul, F., Erdfelder, E., Buchner, A., & Lang, A.-G. (2009). Statistical power analyses using G*Power 3.1: Tests for correlation and regression analyses. *Behavior Research Methods, 41*, 1149-1160.

Faul, F., Erdfelder, E., Lang, A.-G., & Buchner, A. (2007). G*Power 3: A flexible statistical power analysis program for the social, behavioral, and biomedical sciences. *Behavior Research Methods, 39*, 175-191.

Feldman, A. F. & Matjasko, J. L. (2005). The role of schoolbased extracurricular activities in adolescent development: A comprehensive review and future directions. *Review of Educational Research, 75,* 159-210.

Flanagan, C. & Levine, P.(2010).Civic Engagement and the Transition to Adulthood. *The Future of Children, Volume 20, No.1,* 159-179.

Franklin, M. (2004). *Voter turnout and the dynamics of electoral competition in established democracies since 1945*. Cambridge: Cambridge University Press. Quoted in Dejaeghere, Y., &Hooghe, M. (2009). Brief report: Citizenship concepts among adolescents. Evidence from a survey among Belgian 16-year olds. *Journal of Adolescence, 32 (2009),* 723-732.

Fredricks, J. A., & Eccles, J. S. (2006). Extracurricular involvement and adolescent adjustment: Impact of duration, number of activities, and breadth of participation. *Applied Developmental Science, 10,* 132-146. Quoted in Fredricks, J. A. and Eccles, J. S. (2010), Breadth of Extracurricular Participation and Adolescent Adjustment Among African-American and European-American Youth. *Journal of Research on Adolescence, 20,* 307–333.

Fredricks, J. A. and Eccles, J. S. (2010), Breadth of Extracurricular Participation and Adolescent Adjustment Among African-American and European-American Youth. *Journal of Research on Adolescence, 20,* 307–333.

Giddens, Anthony (2002) *Runaway World: How Globalisation Is Reshaping Our Lives*. London: Profile. Quoted in Harris, A., Wyn, J., &Youness, S. (2010). Beyond apathetic or activist youth : 'Ordinary' young people and contemporary forms of participation.*Nordic Journal of Youth Research (YOUNG), 18:1,* 9-32.

Glanville, J. L. (1999). Political socialization or selection? Adolescent extracurricular participation and political activity in early adulthood. *Social Science Quarterly, 2,* 279–291.

Hansen, D. M., Larson, R. W., & Dworkin, J. B. (2003). What adolescents learn in organized youth activities: A survey of self-reported developmental experiences. *Journal of Research on Adolescence, 13,* 25–55.

Harris, A., Wyn, J., &Youness, S. (2010). Beyond apathetic or activist youth : 'Ordinary' young people and contemporary forms of participation.*Nordic Journal of Youth Research (YOUNG), 18:1,* 9-32.

Holland, A., & Andre, T. (1987). Participation in extracurricular activities in secondary school: What is known, what needs to be known? *Review of Educational Research,* 57, 4347-4466.

Iannacone, L. R. (1990). Religious practice: A human capital approach. *Journal for the Scientific Study of Religion, 29*, 297-314. Quoted in Caputo, Richard K. (2008) Religious Capital and Intergenerational Transmission of Volunteering as Correlates of Civic Engagement. *Nonprofit and Voluntary Sector Quarterly, 2009 38,* 982-1002.

Jois, G.U., Toppe, C.M. (2006). Civic Engagement Among American Youth: Research, Activism, and Democracy.*Center for Information and Research on Civic Learning and Engagement (CIRCLE).*

Kimberlee, R. H. (2002). Why don't British young people vote at general elections? *Journal of Youth Studies, 5(1),* 85-98. Quoted in Dejaeghere, Y., &Hooghe, M. (2009). Brief report: Citizenship concepts among adolescents. Evidence from a survey among Belgian 16-year olds. *Journal of Adolescence, 32 (2009),* 723-732.

Kovacheva, S. (2000). *Keys to youth participation in eastern Europe*. Directorate of Youth and Sport, Council of Europe.

Lam, P.-Y. (2002). As the flocks gather: How religion affects voluntary association participation. *Journal for the Scientific Study of Religion, 41*, 405-422. Quoted in Caputo, Richard K. (2008) Religious Capital and Intergenerational Transmission of Volunteering as Correlates of Civic Engagement. *Nonprofit and Voluntary Sector Quarterly, 2009 38,* 982-1002.

Larson, R. W., & Verma, S. (1999). How children and adolescents spend time across the world: Work, play, and developmental opportunities. *Psychological Bulletin, 125*, 701-736. Quoted in Fredricks, J. A. and Eccles, J. S. (2010), Breadth of Extracurricular Participation and Adolescent Adjustment Among African-American and European-American Youth. *Journal of Research on Adolescence, 20,* 307–333.

Larson, R., Hansen, D., & Moneta, G. (2006). Differing profiles of developmental experiences across types

of organized youth activities. *Developmental Psychology, 42 (5),* 849-863.

Lerner, J. V., Phelps, E., Forman, Y. E., & Bowers, E. (2009). Positive youth development. In R. M. Lerner & L. Steinberg (Eds.), *Handbook of adolescent psychology: Individual bases of adolescent development, Vol. 1* (3rd ed., pp. 524–558). Hoboken, NJ: Wiley. Quoted in Zaff, J.F., Boyd, M., Li, Y., Lerner, J.V., & Lerner, R.M. (2010). Active and Engaged Citizenship: Multi-group and Longitudinal Factorial Analysis of an Integrated Construct of Civic Engagement. *Journal of Youth Adolescence, 39,* 736–750.

Lerner, R. M. (2004). *Liberty: Thriving and civic engagement among America's youth*. Thousand Oaks, CA: Sage Publications. Quoted in Zaff, J.F., Boyd, M., Li, Y., Lerner, J.V., & Lerner, R.M. (2010). Active and Engaged Citizenship: Multi-group and Longitudinal Factorial Analysis of an Integrated Construct of Civic Engagement. *Journal of Youth Adolescence, 39,* 736–750.

Levine, P. &Youniss, J. (2006). Youth and civic participation: Introduction. In P. Levine & J. Youniss (Eds.). *Youth civic engagement: An institutional turn: Circle Working Paper 45*, (pp. 3–6). Baltimore, MD: The Center for Information and Research on Civic Learning and Engagement. Quoted in Zaff, J.F., Boyd, M., Li, Y., Lerner, J.V., & Lerner, R.M. (2010). Active and Engaged Citizenship: Multi-group and Longitudinal Factorial Analysis of an Integrated Construct of Civic Engagement. *Journal of Youth Adolescence, 39,* 736–750.

Mahoney, J. L., & Stattin, H. (2000). Leisure activities and adolescent antisocial behavior: The role of structure and social context. *Journal of Adolescence, 23,* 113–127. Quoted in Fredricks, J. A. and Eccles, J. S. (2010), Breadth of Extracurricular Participation and Adolescent Adjustment Among African-American and European-American Youth. *Journal of Research on Adolescence, 20,* 307–333.

Mahoney, J. L., Cairns, B. D., & Farmer, T. (2003). Promoting interpersonal competence and educational success through extracurricular activity participation. *Journal of Educational Psychology, 95,* 409–418. Quoted in Fredricks, J. A. and Eccles, J. S. (2010), Breadth of Extracurricular Participation and Adolescent Adjustment Among African-American and European-American Youth. *Journal of Research on Adolescence, 20*, 307–333.

Ministerial Committee on Education, Employment, Training and Youth Affairs (MCEETYA) (2008) *Melbourne Declaration on the Educational Goals for Young Australians*. (2009). *National Assessment Program — Civics and Citizenship Years 6 and 10 Report*. Canberra: Commonwealth Government. Quoted in Harris, A., Wyn, J., &Youness, S. (2010). Beyond apathetic or activist youth : 'Ordinary' young people and contemporary forms of participation.*Nordic Journal of Youth Research (YOUNG), 18:1,* 9-32.

Norris, P. (1999). *Critical citizens. Global support for democratic governance*. Oxford: Oxford University Press. In Dejaeghere, Y., &Hooghe, M. (2009). Brief report: Citizenship concepts among adolescents. Evidence from a survey among Belgian 16-year olds. *Journal of Adolescence, 32 (2009),* 723-732.

O'Toole, T., Lister, M., Marsh, D., Jones, S., &McDonagh, A. (2003). Tuning out or left out? Participation and nonparticipation among young people. *Contemporary Politics, 9(1),* 45-61. Quoted in Dejaeghere, Y., &Hooghe, M. (2009). Brief report: Citizenship concepts among adolescents. Evidence from a survey among Belgian 16-year olds. *Journal of Adolescence, 32 (2009),* 723-732.

Osgood, D. W., Wilson, J. K., O'Malley, P. M., Bachman, J. G., & Johnston, L. D. (1996). Routine activities and individual deviant behavior. *American Sociological Review, 61,* 635–655. Quoted in Fredricks, J. A. and Eccles, J. S. (2010), Breadth of Extracurricular Participation and Adolescent Adjustment Among African-American and European-American Youth. *Journal of Research on Adolescence, 20,* 307–333.

Park, J. Z., & Smith, C. (2000). "To whom much has been given . . .": Religious capital and community voluntarism among churchgoing protestants. *Journal for the Scientific Study of Religion, 39*, 272-286. Quoted in Caputo, Richard K. (2008) Religious Capital and Intergenerational Transmission of Volunteering as Correlates of Civic Engagement. *Nonprofit and Voluntary Sector Quarterly,* 2009 38, 982-1002.

Sherrod, L. R., &Lauckhardt, J. (2009). The development of citizenship. In R. M. Lerner & L. Steinberg (Eds.), *Handbook of adolescent psychology: Contextual influences on adolescent development, Vol. 2* (3rd ed., pp. 372–408). Hoboken, NJ: Wiley. Quoted in Zaff, J.F., Boyd, M., Li, Y., Lerner, J.V., & Lerner, R.M. (2010). Active and Engaged Citizenship: Multi-group and Longitudinal Factorial Analysis of an Integrated Construct of Civic Engagement. *Journal of Youth Adolescence, 39,* 736–750.

Stern, David. (2009). Expanding Policy Options for Educating Teenagers.*The Future of Children, Volume 19, Number 1, Spring 2009,* 211-239.

Weber, C. (2008). Designing safe citizens. *Citizenship Studies, 12(2),* 125-142. Quoted in Dejaeghere, Y., &Hooghe, M. (2009). Brief report: Citizenship concepts among adolescents. Evidence from a survey among Belgian 16-year olds. *Journal of Adolescence, 32 (2009),* 723-732.

Wilson, J., & Musick, M. (1997). Who cares? Toward an integrated theory of volunteer work. *American Sociological Review, 62*, 694-713. Quoted in Caputo, Richard K. (2008) Religious Capital and Intergenerational Transmission of Volunteering as Correlates of Civic Engagement. *Nonprofit and Voluntary Sector Quarterly, 2009 38,* 982-1002.

Wuthnow, R. (1999). Mobilizing civic engagement: The changing impact of religion. In T. Skocpol & M. P. Fiorina (Eds.), *Civic engagement in American democracy* (pp. 331-363). Washington, DC/ New York: Brookings Institution Press/Russell Sage Foundation. Quoted in Caputo, Richard K. (2008). Religious Capital and Intergenerational Transmission of Volunteering as Correlates of Civic Engagement. *Nonprofit and Voluntary Sector Quarterly, 2009 38,* 982-1002.

Youniss, J., & Yates, M. (1997). *Community service and social responsibility in youth*. Chicago: University of Chicago Press.

Youniss, J., McLellan, J., Su, Y., & Yates, M. (1999). The role of community service in identity development: Normative, unconventional and deviant orientations. *Journal of Adolescent Research, 14*(2), 248-261.

Zaff, J. F., &Michelsen, E. (2001). *Background for community-level work on positive citizenship among adolescents: A review of antecedents, programs, and investment strategies.* Report prepared for the John S. and James L. Knight Foundation. Washington, DC: Child Trends.

Zaff, J.F., Boyd, M., Li, Y., Lerner, J.V., & Lerner, R.M. (2010). Active and Engaged Citizenship: Multi-group and Longitudinal Factorial Analysis of an Integrated Construct of Civic Engagement. *Journal of Youth Adolescence, 39,* 736–750.

Zukin, C., Keeter, S., Andolina, M., Jenkins, K., &DelliCarpini, M. X. (2006). *A new engagement?Political participation, civic life and the changing American citizen*. Oxford: Oxford University Press. Quoted in Dejaeghere, Y., &Hooghe, M. (2009). Brief report: Citizenship concepts among adolescents. Evidence from a survey among Belgian 16-year olds. *Journal of Adolescence, 32 (2009),* 723-732.

Атанасова, Г. (2010). *Компаративна анализа на домашната и европската легислатива која го регулира статусот на младите*. Скопје: Коалиција на младински организации СЕГА.

Марковска-Спасеновска, Е., &Нашоковска, М. (2010). *Младински потреби и младинско организирање во Република Македонија: Анализа на младинските трендови*. Скопје: Коалиција на младински организации СЕГА.

Министерство за труд и социјална политика. Септември 2010. Стратегија за промовирање и развој на волонтерството (2010 – 2015).

Собрание на Република Македонија. 2007. *Национален Развоен План 2007-2009.*

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.64-053.6(497.7)(047.31)
316.346.32-053.6(497.7)(047.31)

КОРУНОВСКА-Србијанко, Јана
Социјалниот капитал на македонските средношколци : капитулација, конфузија или отпор : анализа од анкета на јавно мислење на 3607 средношколци од 13 града / [автори Јана Коруновска-Србијанко, Неда Коруновска Аврамовска, Тања Малеска]. - Скопје : Младински образовен форум, 2011. - 65 стр. : граф. прикази ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 62-65

ISBN 978-9989-2269-9-1
1. Коруновска Аврамовска, Неда [автор] 2. Малеска, Тања [автор]
а) Средношколци - Вредносни системи - Македонија - Истражувања б) Средношколци - Општествено однесување - Македонија - Истражувања
COBISS.MK-ID 87465226

МЛАДИНСКИ
ОБРАЗОВЕН
ФОРУМ
YOUTH
EDUCATIONAL
FORUM

РЕАКТОР
истражување во акција

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ИНСТИТУТ
SOCIETY ОТВОРЕНО
INSTITUTE ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА